МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Свети Николе – Битола – Република Северна Македонија

Факултет за правни науки

Магистерски труд на тема:

Кривични дела против животот и телото

Изработил:

Александра Митевска

Бр. Индекс: М217013

Ментор:

Доц. Д-р. Марија Гроздановска

Битола, 2023

Содржина

Вовед 7

1 Казнено право и поврзаноста на кривичните дела против животот и телото 10

1.1 Историски преглед на посебниот дел на казненото право (кривичните дела против животот и телото) 12

1.2 Посебен дел на казненото право (Кривичен законик на Република Северна Македонија) 14

2 Формулација на проблемот 15

2.1 Предмет на истражувањето 17

2.2 Цел на истражувањето 19

2.3 Хипотези на истражувањето 20

2.3.1 Генерална хипотеза 21

2.4 Методи на истражување 21

3 Криминалитет 22

3.1 Поим на криминалитетот 22

3.2 Феноменологија и етиологија на криминалитетот 22

3.2.1 Феноменологија на криминалитетот 23

3.2.2 Етиологија на криминалитетот 27

4 Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство 30

4.1 Типологија на криминалитет на насилство 32

4.2 Типологија на жртви на криминалитетот на насилство 33

4.3 Темна бројка на криминалитетот на насилство 35

5 Општи карактеристики на кривичните дела против животот и телото 37

5.1 Систематика на кривични дела против животот 38

6 Крвни деликти 39

6.1 Поим на крвни деликти 40
6.1.1 Видови крвни деликти во криминолошка смисла 42
6.1.2 Анализа за вкупниот криминал по области и сектори во периодот од 2010 до 2019 година во Република Северна Македонија- Крвни деликти 43
7 Кривични дела против животот и телото во Република Северна Македонија 45
7.1 Поим, видови и општи карактеристики на кривични дела против животот и телото 45
7.1.1 Убиство 46
7.1.2 Убиство на свиреп начин 48
7.1.3 Убиство на подмолен начин 49
7.1.4 Убиство при вршење на семејно насилство 49
7.1.5 Лишување на друг од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице 50
7.1.6 Лишување од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди 51
7.1.7 Лишување од живот по порачка 52
7.1.8 Убиство на судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривино дело или чување на лице лишено од слобода 53
7.1.9 Лишување од живот на женско лице за кое сторителот знае дека е бремено или малолетно лице 55
7.2 Убиство од благородни побуди 56
7.3 Убиство на миг 57
7.4 Убиство од небрежност 58
7.5 Убиство на дете при пораѓање 59

7.5.1 Убиство на дете при пораѓање - во кривичниот закон на Македонија и во земјите на поранешна Југославија 60
7.6 Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство 62
7.7 Противправно прекинување на бременост 64
7.8 Телесна повреда 65
7.9 Тешки телесни повреди 67
7.10 Учество во тепачка 68
7.10.1 Поим на делото 68
7.10.2 Дејство и последици од делото 68
7.11 Загрозување со опасно орудие при течачка или каранице 69
7.12 Излагање на опасност 70
7.13 Напуштање немоќно лице 71
7.14 Неукажување помош 72
8 Компаративни искуства за кривичните дела против животот и телото (убиство и тешка телесна повреда) 72
8.1 Компаративно казнено право 72
8.2 Компаративни искуства за кривичното дело “Убиство” 72
8.2.1 Руска Федерација 73
8.2.2 Германија 80
8.2.3 Италија 88
8.3 Компаративни искуства за кривичното дело “Тешка телесна повреда” 96
8.3.1 Германија 96
8.3.2 Руска Федерација 99
8.3.3 Италија 102
9 Статистички податоци 104
Заклучок 111

Користена литература 114

Абстракт

Поимот кривични дела против животот и телото подразбира кривични дела кои што се насочени против физичкиот интегритет на едно лице, кривични дела кои што се извршени со употреба на сила и насилство, напад на основната човечка вредност, а тоа е животот и телесниот интегритет на секој човек. Во оваа област се опфаќаат сите форми на кривични дела кои завршуваат со опасни последици т.е. смрт или тешки телесни повреди, но исто така опфаќаат и некои дела од имотна природа извршени со насилни дејствија. Како најтешки облици на крвните деликти се сметаат тешките телесни повреди и убиствата и таквите дејствија можат да се извршат со следните средства: директни и индиректни, физички и психолошки.

Предмет на овој магистерски труд се кривичните дела против животот и телото во Република Северна Македонија, односно кои кривични дела постојат во нашиот Закон, какви санкции предлага нашиот Законодавец и кои видови на кривични дела против животот и телото најчесто се случуваат во нашата држава.

Во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија се инкриминирани "Кривични дела против животот и телото" во посебниот дел во четиринаесеттата глава. Целта на ова истражување ќе бидат видовите и општите карактеристики на кривични дела против животот и телото.

Вовед

Под поимот кривични дела против животот и телото, односно како што во криминологијата се нарекуваат крвни деликти, се подразбираат кривични дела насочени против физичкиот интегритет на една личност, кривични дела извршени со употреба на сила и насилство, напад на основната вредност - животот и физичкиот интегритет на една личност.

Оваа област ги опфаќа сите форми на дела кои резултираат со смрт и телесни повреди, како и некои дела од имотна природа извршени со насилни дејствија. Најтешки облици на крвни прекршоци се убиството и тешките телесни повреди. Ваквите дејствија може да се извршат со различни средства: физички и психолошки, директни и индиректни. Основните дела вклучуваат: убиство, убиство на миг, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање, наведување на самоубиство и помагање во самоубиство, противправно прекинување на бременост, телесна повреда, тешка телесна повреда, учество во тепачка, загрозување со опасно орудие при тепачка или каранница, излагање на опасност, напуштање немоќно лице и неукажување помош.

Човечкиот живот и тело како објект на заштита не е само објект на заштита на кривичните дела против животот и телото. Напротив, тие се јавуваат како заштитено добро или вредност во други групи на кривични дела, како што се кривичните дела против: општа безбедност на луѓето и имотот, безбедноста на јавниот сообраќај, здравјето на луѓето, животната средина и други вредности заштитени со меѓународното право. Но, овде овие општествени вредности се заштитени само на супсидијарен начин, додека примарна заштита уживаат оние вредности и добра според кои се сторени конкретни кривични дела и затоа се систематизирани во такви групи на кривични дела.

Меѓу кривичните дела кои го повредуваат и загрозуваат животот и физичкиот интегритет на едно лице, се издвојуваат кривичните дела на насилство (криминал на насилство или насилен криминал). Станува збор за различни форми и видови незаконски активности на поединци или групи кои се насочени против животот и (или) телесниот интегритет на друго лице. Овие активности се преземаат со различни, честопати „опасни“ средства (ладно или огнено оружје, опасни алатки и други средства способни

сериозно да го повредат човечкото тело или сериозно да го нарушат здравјето) или на опасен начин (со употреба на физички или психолошки, директни или индиректни сили и закани).

Целта на овој труд е детална теоретска анализа на крвните деликти, кривичните дела против животот и телото и нивните основни феноменолошки и етиолошки карактеристики, а потоа и емпириско истражување за обемот, динамиката и структурата на поврзаните кривични дела, како и индивидуалните карактеристики на сторителите со статистички податоци од заводот за статистика во нашата земја, што би било од исклучителна важност за согледување на реалната состојба на овој вид криминал кај нас и предлагање можни методи за сузбивање и спречување на овој најопасен вид криминал. При изработката на теоретскиот дел на трудот, за анализа на одредбите од законот ќе се користи правно-догматскиот метод, додека за емпириското истражување ќе се примени статистичкиот метод.

Во првиот дел на овој магистерски труд ќе се запознаеме со казненото право со тоа која е поврзаноста на кривичните дела против животот и телото со казненото право.

Во вториот дел ќе го разледаме историскиот преглед на посебниот дел на кривичното право. Во третата, четвртата и петтата глава ќе се запознаеме со формулацијата на проблемот, неговиот предмет на истражување, потоа ќе видеме која е целта на ова истражување. Како најбитна точка на едно научно истражување се хипотезите и методите на истражувањето кои се споменати во четвртата и петтата глава во овој труд. Потоа шестата глава се однесува на криминалитетот како негативен општествен феномен и во седмата и осмата глава ќе ги спомениме феноменологијата и етиологијата на криминалот. Во деветтата глава прикажани се криминолошките аспекти на криминалитетот на насилство и неговата типологија. Десеттата глава се однесува на општите карактеристики на кривичните дела против животот и телото, потоа во единаесеттата глава ќе ја разгледаме систематиката на кривичните дела против животот и телото. Во дванаесеттата глава се запознаваме со крвните деликти, каде што имаме и анализи за вкупниот криминал по области и сектори во период од 2010 година до 2019 година во Република Северна Македонија. Во тринаесеттата глава која е најбитна глава во овој магистерски труд ги анализираме сите поединечно кривични дела против животот и

телото во Република Северна Македонија. Потоа во четиринаесеттата глава имаме компаративни искуства за кривичните дела убиство и тешка телесна повреда во Руската Федерација, Германија и Италија. И последна глава во овој магистерски труд ни е петнаесеттата глава во која имаме статистички податоци од Заводот за Статистика на Република Северна Македонија, каде што ги имаме анализирано сите кривични дела против животот и телото во период од 10 години, од 2012 година до 2021 година.

1 Казнено право и поврзаноста на кривичните дела против животот и телото

Бидејќи во овој труд најмногу внимание ќе посветиме на кривичните дела против против животот и телото, мора да го споменеме и самиот наставен предмет казнено право, кој ја проучува кривично правната област, потоа концептот и основните елементи на кривичното дело, како и историски опис на посебниот дел од казненото право, чиј систем вклучува кривични дела против животот и телото.

За секое кривично дело против животот и телото, посебно, ќе ги истакнеме карактеристиките и предметот на заштита на кривичното дело против животот и телото како и делото на извршување на овие кривични дела.

Во посебниот дел од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, како и државите во регионот, на прво место се систематизирани кривичните дела против животот и телото затоа што животот и телото се најважните човечки и општествени вредности.

Казненото право може да се дефинира како систем на правни прописи со кои се определуваат казнените дела и кривичните санкции како и основите и условите за примена на кривичните санкции според сторителите на кривични дела заради заштита на личните слободи и човекови права и други права и општествени вредности гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија.

Како самостојна правна гранка под казнено право се подразбира систем на правни прописи со кои се предвидуваат кривични дела и кривични санкции за сторителите на тие дела. Казненото право како посебна правна дисциплина се дели на Општ и Посебен дел.[1]

Додека Општиот дел на казненото право содржи прописи со кои се уредуваат основните проблеми на кривичното дело и кривичните одговорности, како и прашањето за

[1] B. Čejović, Krivično pravo, Beograd, 2006. godine, str. 443

казнените санкции, посебниот дел содржи прописи кои ги регулираат поединечните кривични дела, како и казнените санкции предвидени за тие дела.[2]

Општиот и посебниот дел од казненото право се нераскинливо поврзани и меѓусебно условени, тие претставуваат единствена единица на правниот систем и основата на владеењето на правото. Концептите и институтите на општиот дел не можат да се применуваат самостојно сами по себе, туку само преку одредбите од посебниот дел, во случај на извршување на конкретно кривично дело.

Нормите на посебниот дел не можат да се применуваат во конкретен случај од страна на кривичните органи на судството доколку не се исполнети условите содржани во нормите од Општиот дел. Систематиката на посебниот дел од казненото право ја следи систематиката предвидена во Кривичниот законик на Република Северна Македонија каде што поединечните кривични дела се класифицирани во посебни глави врз основа на заеднички карактеристики, при што видот на предметот на заштита се јавува како критериум за тоа групирање. Покрај правната систематика, во правната теорија, кривичните дела се систематизираат и според различни критериуми: акт на извршување, начин и средство на извршување, време на извршување, место на извршување, вид на делото, времетраење на последицата, карактеристики на сторителот, карактеристики на пасивниот субјект, облик или форма на вината, вид и висина на казната итн.

Кривично дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.[3] Не е кривично дело она дело што, иако содржи обележја на кривично дело, претставува дело од мало значење поради отсуството или незначителноста на штетните последици и нискиот степен на кривична одговорност на сторителот.[4] Најчесто, кривичното дело е свесен чин на човекот, но може да биде и акт на непромисленост и чин на проектирана болна имагинација или халуцинација т.е резултат на ментална болест или нарушена психичка состојба. [5]

---

[2] B. Čejović, Krivično pravo, Beograd, 2006. godine, str. 443
[3] "Службен весник на Република Македонија",Понеделник, 29 јули 1996 Скопје, Глава втора, член 7.
[4] "Службен весник на Република Македонија",Понеделник, 29 јули 1996 Скопје, Глава втора, член 8.
[5] B. Petrović, D. Jovašević, Krivično/Kazneno pravo Bosne i Hercegovine, Opći dio, Sarajevo, 2005. godine, str. 113

Заштитната функција на казненото право најнепосредно се остварува преку одредбите на посебниот дел со кој се определува кои однесувања на човекот претставуваат кривични дела и се пропишува видот и мерката на казнените санкции за тие дела. Со оглед на тоа што казненото право располага со присилни мерки, кои се најтешки санкции на правниот поредок, тоа треба да се применува само кога заштитата на одредени вредности не може да се обезбеди со други правни и вонправни средства.

Казнено-правната заштита на правото на животот и телесниот интегритет претставува најзначаен сегмент од кривичната заштита во целото современо кривично законодавство. Затоа, правото на живот е означено како врховно човеково право или како најфундаментално од сите човекови права. Правото на живот спаѓа во групата на апсолутно заштитени права, т.е. оние права на државата кои не можат да се укинат или ограничат под никакви услови, без оглед на видот на вонредните околности во кои може да се најде државата.

Доминантното место на правото на живот во системот на основните права и слободи на човекот и граѓанинот е обезбедено со уставните одредби на сите современи држави, вклучително и уставот на Република Северна Македонија (кои го штитат животот и физичкиот интегритет на едно лице, физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени и се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување).[6]

1.1 Историски преглед на посебниот дел на казненото право (кривичните дела против животот и телото)

Историски гледано, посебниот дел на казненото право е создаден многу пред општиот дел т.е обликуван постепено и многу бавно со генерализирање на правилата кои важат за сите кривични дела.[7] Посебниот дел е создаден порано, уште во периодот на појавата на државата и правото воопшто, кога со формирањето на државата, владетелот

[6] Уставот на Република Македонија, 17 ноември 1991 година, Број 08-4642/1, член 11
[7] M. Babić, I. Marković, Krivično pravo, Posebni dio, Banja Luka, 2013. godine, str. 19

определи казниви, забранети и незаконски однесувања на поединци и групи кои ги сметал за „опасни“ за општеството со тоа што пропишува казни за нивните сторители.[8] Изградбата на посебниот дел од казненото право претходеше на изградбата на општиот дел во процесот на развој на казненото право. Добро се познати времињата кога животот на луѓето, т.е животот на одредени класи на луѓе, не уживаше речиси никаква кривично-правна заштита, или беше незначителен.[9] Поделбата на казненото право на општ и посебен дел егзистира дури во последните два и пол века. Се појави дури на почетокот на втората половина на 18 век, прво во казнено-правната теорија а потоа и во кривичното законодавство. Првиот законик во историјата кој јасно ги раздвојува одредбите на Општ и Посебен дел е Кривичниот законик на Баварија од 1751 година, но сепак содржеше одредби за процесно право, а по примерот на него тоа го прави и the Constitutio Criminalis Theresiana од 1768.[10] Меѓутоа, првиот законик кој материјалното казнено право целосно го одвојува од процесното право и го уредува со јасна поделба на општи и посебен дел е Constit utio Criminalis Josephina (1787), и Code Napoleon (1810), и подоцна следуваат и кривични законодавства на други земји.[11] Според одредбите од посебниот дел најнепосредно се спроведува заштитната функција на кривичното право во кое се утврдува кои однесувања на човекот претставуваат криминални дејствија и се пропишува видот и мерките на кривичните санкции за тие дела. Утврдувајќи кои однесувања заслужуваат да бидат казнети од државата, преку посебен дел од своите одредби ги определува границите и мерките на кривичната заштита, го определува обемот на казнувањето и обемот на казненото право како санкционерски поредок на правните норми кој располага со најтешки правни санкции со кои државата реагира на повредата на заштитените вредности. [12]

Регистарот на инкриминации во посебен дел е всушност регистар на вредности и добра неопходни за одржување и развој на општеството, добра кои треба да се заштитат според казненото право. Затоа посебниот дел треба да се димензионира и да се постави на

[8] V. Ikanović, D. Jovašević, Krivično pravo, Posebni deo, Apeiron –Banja Luka, 2012. godine, str. 17
[9] B. Čejović, Krivično pravo, Beograd, 2006. godine, str. 445
[10] M.Babić, I. Marković, Krivično pravo, Posebni dio, Banja Luka, 2013. godine, str. 19
[11] M. Babić, I. Marković, Krivično pravo, Posebni dio, Banja Luka, 2013. godine, str. 19
[12] M. Babić, I. Marković, Krivično pravo, Posebni dio, Banja Luka, 2013. godine, str. 20

тој начин што во неговите одредби ќе бидат опфатени само оние негативни човечки однесувања кои заслужуваат казна.

Во кривичните дела против животот и телото иако станува збор за повеќе различни кривични дела сепак на пример тешката телесна повреда со кривичното дело телесна повреда и кривичното дело учество во тепачка се скоро слични дела, но за да ги разграничиме делата едно од друго најбитен е субјективниот елемент исто така битен е и бројот на учесниците во настанот, настанувањето на противправноста и тежината и последиците од делото.

1.2 Посебен дел на казненото право (Кривичен законик на Република Северна Македонија)

Посебниот дел на казненото право е систем на правни прописи со кои се определува поимот, карактеристиките и обележјата на одделни кривични дела и видот и висината на казната што се применува за нивните сторители под условите предвидени во прописите од општиот дел на казненото право.

Во материјална, социолошка смисла посебниот дел на казненото право е правно институционализиран облик на општествената одбрана на определени вредности и добра што се остварува преку поставување правни норми чијашто присилна природа е потпрена врз најтешките санкции со кои располага правниот поредок.[13] Предметот на посебниот дел е да се определи кои поведенија на човекот ќе се сметаат за казнени дела, исто така, и каков ќе биде обемот и обликот на казнено правната реакција за нивното вршење спротивно на поставените забрани.[14]

Во посебниот дел на казненото право се спомнати и кривичните дела против животот и телото, кои се наша тема за изработка на овај труд. Тие дела се споменати во првата глава во посебниот дел. Делата против животот и телото се најелементарен облик

[13] Казнено право- посебен дел, петто изменето и дополнето издание, Камбовски Владо, Тупанчески Никола, Скопје, 2011 година, стр.7
[14] Казнено право- посебен дел, петто изменето и дополнето издание, Камбовски Владо, Тупанчески Никола, Скопје, 2011 година, стр.7

на криминалитет во општата социолошка и криминолошка смисла и исто така тие се јадро и образец на делата на насилство како неуништлив дел на казненото право т.е како нешто без кое тоа речиси и не би постоело.

2 Формулација на проблемот

Кривичните дела против животот и телото постоеле од секогаш. Тие се стари, архаични кривични дела присутни од најстарите времиња во пишаната правна историја. Исто така кривичните дела против животот и телото се пропишани на прво место во сите современи кривични закони. Тоа е и прифатливо бидејќи се работи за кривични дела во кои се повредува или се загрозува животот, односно физичкиот интегритет на еден човек.

Секое општество е обележано со постоење на негативни и штетни појави кои произведуваат негативни дејства и резултираат со штетни последици како по него така и по неговите членови. Зборувајќи за постоечките негативни појави, нивното влијание можеме да го поделиме во две сфери, и тоа влијание што го имаат врз општеството во целина, предизвикувајќи негова дезорганизација и се разбира влијанието што таа дезорганизација ја има врз поединецот предизвикувајќи негова лична (персонална) дезорганизација.[15] Имено криминалитетот е сепак една од тие општествено негативни појави. Кривичните дела против животот и телото се дела на кои им е предвидена најголема казна.

Под кривични дела против животот и телото спаѓаат:

- Убиство - ова кривично дело претставува едно од најсложените и најтешките општествено негативни појави и за тоа дело во нашиот Кривичен Законик е пропишана најголема казна. Исто така во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, во делот на кривични дела против животот и телото, прво е спомнато убиството, а потоа и некои видови убиства како што се убиство од

[15] (Milan Milutinovic. Kriminologija sa osnovama kriminalne politike i penologije. (Beograd: Savremena Administracija,1973) стр.219)

благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање.

- Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство- и ова кривично дело е едно од потешките кривични дела при што едно лице го наведува другото лице на самоубиство или му помага при извршувањето на самоубиството.
- Противправно прекинување на бременост- кога некое лице спротивно на прописите за прекинување на бременост, на бремената жена ќе изврши или ќе му помогни да изврши прекинување на бременост или тоа го стори без согласност на бремената жена, ќе се казни со казна затвор.
- Телесна повреда - кога некое лице телесно ќе повреди или му го наруши здравјето на тоа лице ќе се казни или со казна затвор или со парична казна во зависност од јачината на делото кое го извршил.
- Тешка телесна повреда - кога некое лице тешко телесно ќе повреди друго лице или ќе му го наруши тешко здравјето или му го доведи животот во опасност или му повреди или уништи некој важен орган ќе се казни со казна затвор.
- Учество во тепачка - кога некој учествува во тепачка каде некој е лишен од живот или му е на некој друг нанесена тешка телесна повреда ќе се казни со казна затвор.
- Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница- Ако некој при тепачка или караница посегне по опасно орудие или оружје или некое средство со кое може некој да повреди или да му го наруши здравјето ќе се казни или со затвор или со парична казна во зависност од тежината на извршеното дело.
- Излагање на опасност - Ако некој поради излагање на опасност која сам ја предизвикал ќе остави друг без помош во состојба на опасност која е опасна по живот ќе се казни со казна затвор.
- Напуштање немоќно лице - ако некој остави без помош во моменти опасни по живот, немоќно лице кое му е доверено или е должен да се грижи за тоа немоќно лице ќе се казни со казна затвор.
- Неукажување помош - кога некој нема да му пружи помош на некое лице кое се наоѓа во опасност за живот, а можело да го стори тоа без никакви последици за себе ќе се казни со казна затвор.

Овие кривични дела против животот и телото имаат различна тежина во однос на казните, но сепак за сите овие дела сторени со умисла или без умисла, се сметаат за казниви дела.

Во нашиот кривичен Законик на Република Северна Македонија точно и прецизно е објаснато поединечно секое кривично дело против животот и телото, во зависност од настанувањето на делото и последиците кои можат да се јават.

Во нашето истражување ќе бидат детално објаснати сите кривични дела против животот и телото, а најголем фокус т.е. најмногу ќе се задржеме на кривичното дело „Убиство“ како едно од најтешките кривични дела и кривичните дела телесна повреда и тешка телесна повреда како дела кои се најчести во нашето секојдневие.

2.1 Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување ќе ни бидат сите кривични дела против животот и телото во Република Северна Македонија, односно кои кривични дела против животот и телото постојат во нашата држава, какви казни постојат за извршување на тие дела и тн. Исто така ќе споменеме и за криминолошките аспекти и општо за криминалитетот на насилство. Од кривичните дела против животот и телото ќе ги анализираме: убиство, убиство, убиство на миг, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање, наведување на самоубиство и помагање во самоубиство, противправно прекинување на бременост, телесна повреда, тешка телесна повреда, учество во тепачка, загрозување со опасно орудие при тепачка или караница, излагање на опасност, напуштање немоќно лице и неукажување помош.

Потоа, во Државниот завод за статистика на годишно ниво постојат податоци кои ни овозможуваат да видиме колку пријавени, обвинети и осудени полнолетни лица има на годишно ниво за погоре споменатите кривични дела против животот и телото.

Во нашиот кривичен законик дефинирани се сите кривични дела против животот и телото, и сите тие кривични дела започнуваат со „тој што“ и тоа значи дека тука станува збор за општи кривични дела кои секој може да ги стори, освен во кривичното дело „убиство на дете при пораѓање“ каде што единствен сторител на ова кривично дело е мајката која што ќе го лиши од живот своето дете за време на пораѓањето или по пораѓањето.

Познавањето на овие кривични дела како негативна појава, потребна е за запознавање на криминалитетот, вклучувајќи ги и неговите етиолошки и феноменолошки карактеристики. Факт е дека секој сторител на било кое кривично дело настојува на тоа да не биде откриен, пробува да ги сокрие трагите од како ќе го изврши кривичното дело и тука доаѓа до таа „темна бројка“ која поради какви било причини сторителот останат неоткриен и случајот нерасчистен. Во овој труд поимот темна бројка нема да ни биде предмет на истражување, туку само на кратко ќе ја спомениме, за да имаме во иднина една претстава што тоа всушност значи и како е возможно некое кривично дело да биде сторено, а да не биде расчистен случајот.

Во овој труд ќе ги спомениме и криминолошките аспекти на криминалитетот на насилство, типологијата на криминалитетот на насилство која е битен фактор за детектирање на феноменологијата на криминалитетот и за откривање на негови појавни форми, типологијата на жртви на криминалитетот на насилство каде што под жртва спаѓа секое физичко и правно лице на кое правата, интересите и вредностите му се загрозени или уништени со криминално поведение и темната бројка на криминалитетот на насилство како што напоменавме важи за секое кривично дело кое е сторено, а останало неоткриено и непознато за надлежните органи.

Покрај насилниот криминалитет, ќе зборуваме и општо за криминалитетот, за неговата етиологија и феноменологија.

Ќе ги споменеме и крвните деликти кои се кривични дела насочени против физичкиот интегритет на личноста, дела кои се извршени со употреба на насилство и сила. Во овој дел ќе направиме и анализа на вкупниот криминал по области и сектори по години во Република Северна Македонија.

И за крај, во последната глава ќе ги видиме компаративните искуства за кривичните дела убиство и тешка телесна повреда во Германија, Исталија и Руската Федерација.

2.2 Цел на истражувањето

Научна цел на ова истражување се состои од тоа да се добие претстава за кривичните дела против животот и телото во Република Северна Македонија, со што ќе ги забележиме и сличностите и разликите на кривичните дела против животот и телото, исто така и формата и степенот на насилство и бруталност. Со истражувањата кои ги направивме може да се дојде до прецизни податоци за крвните деликти и за најчесто извршените кривични дела против животот и телото.

Во борбата со овие кривични дела, голема и многу важна улога играат реформите во правосудството, јавното обвринителство и полицијата. Главната цел во овој магистерски труд ќе ни биде да ги анализираме сите дела кои спаѓаат под групата кривични дела против животот и телото, да видеме од каде и како и врз која причина настануваат тие дела, како се санкционирани во нашиот Кривичен Законик, која е причината за нивна појава, како може да се намали појавата на тие дела, исто така ќе разгледаме и статистички податоци во период од 10 години, и спрема тие статистички податоци ќе заклучиме дали оваа негативна појава со текот на годините расте или се намалува.

Општествена цел на ова истражување т.е на овој магистерски труд е да се добијат сознанија за кривичните дела против животот и телото, посебно за кривичното дело убиство каде што сторителот лиши од живот друго лице, што според мене тоа е едно од најгозоморните кривични дела, стапката на смртни случаи и особено стапката на телесни и тешки телесни повреди е голема и како општа цел на ова истражување вклучувајќи ги

сите кривични дела против животот и телото, не само овие горе наведените, е да се зголеми превенцијата, а исто така да се зголемат и казните за овие кривични дела, бидејќи според мене тој што еднаш пробал или направил некое од кривичните дела против животот и телото, повторно ќе проба и повторно ќе направи.

2.3 Хипотези на истражувањето

Поставувањето на хипотези за секое научно истражувње е најбитната точка на истражувањето. Па така во ова истражување се дефинираат следните хипотези:

- Крвните деликти заземаат значителен дел од вкупниот криминалитет;
- Убиствата завземаат помал удел и во групата на кривични дела против животот и телото и во општиот криминалитет, а телесните повреди се најзастапени во групата кривични дела против животот и телото;
- Процентуално, мажите се позастапени во извршувањето на крвните деликти отколку жените;
- Процентуално, возрасните се повеќе застапени во извршувањето на кривичните дела против животот и телото отколку малолетниците;
- Помал број на сторители на овие кривични дела остануваат непознати.
- Сторителите на кривични дела против животот и телото најчесто се полнолетни лица од машки пол.
- Сторителите на кривичните дела против животот и телото најчесто се осудени на казна затвор.
- Начинот на извршување на кривичните дела против животот и телото најчесто е резултат на непланирано сторување на кривичното дело. Најчести средства за извршување на делото се примена на физичка сила или примена на тврди предмети, или користење на огнено оружје.

Имајќи ги во предвид последиците од извршувањето на кривичните дела против животот и телото, јасно е дека примарна задача во секоја држава па така и во Република Северна Македонија е нивното сузбивање.

2.3.1 Генерална хипотеза

Кривичните дела против животот и телото се кривични дела кои го повредуваат или загрозуваат животот, односно физичкиот или психолошкиот интегритет на една личност и се класифицирани како кривични дела на насилство. Овие кривични дела имаат за цел да го зачуваат и заштитат животот и телото како најважни човечки и општествени вредности.

Имајќи ги во предвид последиците од извршувањето на кривичните дела против животот и телото, јасно е дека примарна задача на секоја држава, исто така и во нашата држава е нивното сузбивање. Предуслов за реализација на оваа задача се рефлектира во поглед на нивниот криминолошки аспект со цел да се создадат ефективни превентивни мерки преку разбирање на причините за оваа појава и преку сеопфатен пристап.

2.4 Методи на истражување

Во ова истражување ќе бидат користени следните методи: компаративен метод, историски метод, анализа, статистички метод и правно-догматски метод.

Историскиот метод ќе се користи за да се дојде до сознание како настанале кривичните дела и како настанал посебниот дел на кривичното право во минатото.

Со статистичкиот метод добиваме сознанија за тоа колку се застапени Кривичните дела против животот и телото, колку полнолетни лица се пријавени, обвинети и осудени

во територијата на Република Северна Македонија и анализа за вкупниот криминал по области и сектори на крвните деликти.

Компаративниот метод го користев за да ја видиме и направиме споредбата на некои кривични дела против животот и телото во другите земји.

Анализата ја користев за да ги анализираме сите кривични дела кои спаѓаат во кривични дела против животот и телото поединечно и да ги анализираме сите точки кои ги имам наведено во содржината.

3 Криминалитет

3.1 Поим на криминалитетот

Криминалитетот е негативен општествен феномен, кој поради својата распространетост и општествена опасност е предмет на континуиран интерес на науката и практиката. Од почетоците на своето создавање, човечкото општество има познати начини на однесување наречени криминалитет или криминал. Со развојот на општеството и културата се промени и бројот и содржината на казнивото однесување. Криминалот не е статичен и фиксиран, тој постојано се менува. Така се разликува криминалитетот во одредено време и во одреден простор во зависнност од општествениот систем и државната организација. Дали некое однесување ќе стане криминално зависи од политичарите кои го создаваат законот, од судиите кои го толкуваат и од одговорните за спроведување на законот. Меѓутоа, од теоретска гледна точка, сеуште не постои унифицирано разбирање за тоа што е криминалност, одннсно криминал и дали воопшто е соодветно научно да се проучува оваа појава.

3.2 Феноменологија и етиологија на криминалитетот

3.2.1 Феноменологија на криминалитетот

Терминот феноменологија потекнува од грчкиот збор feinomen (она што се гледа, она што се појавува) и латинскиот збор logos (наука).

Најважно пордрачје на криминологијата е всушност криминалната феноменологија. Таа е дел од криминологијата која се занимава со изучување на појавни облици на сторителите на кривични дела, нивната распространетост, нивниот обем, времето и тенденциите на движење. Криминалната феноменологија ги проучува и општествените и индивидуалните својства на нивните сторители, нивните навики, начинот на живот, исто така и според мислењата на некои автори ги проучува и нивните посебни празноверија, жаргони, симулирања и сл. На тој начин криминалната феноменологија придонесува за покомплексно познавање на криминалниот феномен.[16]

Различното манифестирање на насилниот криминалитет врз основа на неговите квалитативни и квантитативни карактеристики кои се лоцирани во одредено време и одреден простор, меѓу себе се разликуваат по нивниот интензитет и нивното остварување на дејствувњето на одредени општествени процеси кои што сепак упатуват на поврзаноста на општествените појави и процеси на криминалитетот во целост и заради тоа можат да се објаснат на ист начин различните феноменолошки карактеристики на насилниот криминалитет на еден простор во различно време т.е. во различен временки период.

Криминалната феноменологија се дефинира главно како „наука за манифестацијата на криминалитетот“, која се состои во проучување на појавата на кривичните дела, начинот на извршување на кривичните дела, начинот на живот на деликвентите, нивното однесување и типологија.

Криминалната феноменологија како дел од криминологијата ги разгледува и проучува следните прашања:

- Степенот на криминалитетот како масовна општествена појава, која се следи врз основа на статистички податоци од статистичката евиденција на криминалитетот, а

[16] Сулејманов Зоран, Криминологија- второ издание, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2003, стр. 39

се однесува на вкупниот број на кривични дела извршени во одредена област и во одредено време, како и на бројот на извршени поединечни видови на кривични дела (на пример против животот и телото, имотот, стопанството итн.), број на лица кои сториле кривично дело, полнолетни и малолетни лица кои сториле кривично дело итн. При утврдувањето на точниот обем на криминалитетот, како несовладлива пречка во криминалитетот се јавува „темната бројка" на криминалитетот, тоа значи непознат, неевидентиран број кривични дела и сторители,

- Појавните облици на криминалитетот и криминално однесување или облици во кои криминалитетот се јавува на одредеден простор и одредено време, можат да се гледаат од различни аспекти: според видовите на казниво однесување, предметот на нападот или предметот на кривично правна заштита (кривично дело насилство, имотен криминал, политички криминал, професионален криминал итн.), пол на сторителите (криминалитет на мажите и криминалност на жени), возраст на сторителите (криминалност на полнолетни лица и криминалност на малолетници), број на извршени кривични дела (примарен криминалитет, рецидивизам), метод, време, средства и место на извршување.
- Структурата и структурните промени на криминалитетот ги покажуваат врстите и карактеристиките на севкупниот криминалитет и одредени казниви однесувања во рамките на одредени форми на криминал. На пример, структурата на вкупниот криминалитет може да се набљудува според видот на кривичните дела и други казниви однесувања во зависност од позитивните законски прописи на една земја (кривични дела против животот и телото, кривични дела против имотот, кривични дела против личното достоинство и морал, прекршоци против јавниот ред и мир, сообраќајни прекршоци и сл.).
- Структурата на криминалитетот во одредени облици: насилниот криминал вклучува кривични дела убиства, телесни повреди, принуда, имотен криминал вклучува кражба, измама, затајување; структурата на криминалитетот според полот на сторителите, забележана преку односот на бројот на кривични дела извршени од мажи и кривични дела извршени од жени итн.

- Структурните промени се однесуваат на промени во облиците на криминалитетот во зависност од промените на општествените услови и демографските карактеристики, како и на процесот на создавање нови кривични дела или проширување на старите, постоечките (криминализација) и укинување или изменување на одреден кривичен закон, со што се откажува понатамошната казнено-правна репресија во однос на тоа однесување (декриминализација), што е многу динамичен процес во одредени временски и просторни рамки.
- Динамиката на криминалитетот се однесува на промени во обемот на криминалиретот како масовна општествена појава во одреден временски период и во одредена област. На пример, со помош на статистички податоци се забележува дали криминалитетот во периодот од 2012 до 2021 година во Република Северна Македонија опаднал, стагнирал или бил во пораст. Покрај динамиката на севкупниот криминалитет можно е да се набљудува и статистички да се следи динамиката на поединечните облици на криминал- кривични дела против животот и телото, кривични дела против политиката, против имотот, против малолетничката деликвенција или динамиката на кримналитетот според регионални и временски карактеристики, пол, возраст итн. Проучувањето на обемот, структурата и динамиката на криминалитетот има повеќекратно значење: овозможува да се согледа потребата од одредена општествена реакција и да се разбере постоечката општествена реакција; укажува на тоа дека специфичниот опсег, структура и динамика на криминалитетот во одредена тесна и поширока општествена средина може негативно и неповолно да влијае на состојбата и развојот на помалите или поголемите општествени групи и поединци; покажува како се менува криминалитетот во зависност од местото, времето, како се прилагодува на животните услови и стекнува нови облици на манифестација. Иако повеќето автори истакнуваат дека криминалната етиологија е „централно подрачје“ на криминологијата, криминалната феноменологија не е ништо помалку важнно поле за проучување. Во рамките на истражувачките студии за криминалитетот или применетата криминологија, неопходно е да се посвети посебно внимание на феноменологијата на криминалитетот. Формите, обемот, струкутрата, структурните

промени и динамиката на криминалитетот и криминалното однесување формираат нераскинлива и единствена целина со криминална етиологија.

Проучувањето на структурата, обемот и динамиката на криминалитет има повеќекратно значење и таквото проучување во основа ја покажува промената на криминалитетот во зависност од времето, местото, околностите општествени прилики и исто така начинот на прилагодување на условите на животот и на кој начин добива нови облици на остварување. Освен тоа, таквото проучување го укажува негативното значење на појавата на определена структура, определен обем и определена динамика на криминалитетот во определена поширока и потесна општествена средина. И за крај тоа проучување овозможува да се сфати постоечката и да се увиди потребата за поефикасна општествена реакција на криминалитетот.[17]

Анализата на најзначајните феноменолошки карактеристики на кривичните дела против животот и телото како составни делови од насилниот криминалитет е направена врз основа на официјални податоци превземени од страната на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Дефиницијата што ја дал професорот Арнаудовски за обемот на криминалитетот гласи дека тоа е *„вкупниот број на сторени кривични дела и други деликти опфатени со поимот на криминалитет и деликвенција во одредено време и на одреден простор"*[18] и од таа дефиниција се согледува дека прво важно подрачје на криминологијата е криминалната феноменологија.

Тоа сепак спаѓа во дел од криминологијата кој што се занимава со изучување на појавните облици на сторители на кривични дела, распространетост, временска дистрибуција, нивни обем и тенденции на движење. Исто така криминалната феноменологија во исто време ги проучува и индивидуалните и општествените својства на нивните извршитрели и нивни навики, начинот на живот, а според неколку мислења на

[17] Сулејманов Зоран, Криминологија- второ издание, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, 2003, стр.461
[18] Арнаудовски. Љупчо. Киминологија, скопје 2007 година, стр. 245

некои автори нивни посебни жаргони, симулирање и сл. На тој начин криминалната феноменологија придонесува покомплексно познавање на криминалниот феномен.[19]

3.2.2 Етиологија на криминалитетот

Насилниот криминал е еден од најстарите форми на криминал и отсекогаш бил присутен во општеството. Криминалитетот, како негативен општествен феномен, отсекогаш го окупирал вниманието на научниците, а како што криминалот стана масовна појава во општеството, истражувањето на причините што доведуваат до криминално однесување стана главно прашање на криминологијата. Криминалната етиологија треба да ги пронајде, истражи и проучува причините што доведуваат до криминално однесување. Задачата на криминалната етиологија не е воопшто лесна, имајќи во предвид дека бројни општествени и индивидуални фактори можат да придонесат за појава и ширење на криминалитетот. Со откривање на вистинските причини и состојби кои доведуваат до одредено криминално однесување, се отвора можноста за изнаоѓање ефективни методи за спречување и сузбивање на криминалитетот. Кога се разгледуваат сите криминални манифестации, насилниот криминал предизвикува најостра реакција и најостра осуда на општеството, бидејќи го загрозува човечкиот живот како најважна човечка и општествена вредност, како и имотот или другите вредности и добра на жртвата или општеството. Во современото општество тој е присутен насекаде околу нас: во семејството, училиштето, работата, улицата, игрите и разни други настани. За разлика од другите форми на криминал, во оваа форма на криминал доаѓа до израз склоноста на позначајниот сторител кон тортура, како и неговата дрскост и немилосрдност при принудувањето на друг да трпи такво однесување. Последиците од насилниот криминал можат да бидат крајно деструктивни и се рефлектираат врз поединецот во форма на психолошки, социјални и сексуални проблеми, но и врз неговата непосредна околина и општеството во целина преку влошување на квалитетот на животот. Затоа сузбивањето на насилниот криминал е една од примарните задачи на секоја држава, а предуслов за реализација на оваа задача е

[19] Сулејманов Зоран, Криминологија, Скопје,2003 година, стр.39

да се согледаат неговите етиолошки аспекти за да се создадат ефективни превентивни мерки.

Со оглед на проблемот за условите и причините на криминалитетот кој несомнено претставува централно прашање на криминологијата, се поставува прашањето за непосредната научна и практична корист од нивно проучување исто така во одговорот на ова прашање на ова место треба да се има во предвид основната задача и цел на криминологијата, а таа е научно организирана борба против криминалитетот и конечно не е без значење и тоа дека врз основа на сфаќањата за причините на криминалитетот се формираат и различни криминолошки школи и правци.[20] Прашањето на етиологијата (корените, генезата и причините) на криминалното однесување е централно прашање на криминологијата како наука и исто така доаѓањето до некакви сознанија за причината на криминалитетот ни овозможува и не насочува на општествената реакција кон вистинските фактори кои биле или се причина и го склопиле криминалитетот како индивидуална и масовна (општествена) негативна појава.[21] Кога сме кај етиологијата на насилниот криминалитет можеме да кажеме дека криминологијата на овој поим не и придава посебно значење, но тоа не значи и не ја намалува потребата од посистематско и поинтензивно следење на оваа појава. [22]

Целта на овој труд е да се укаже на важноста од креирање на превентивни мерки врз основа на овие фактори, како и на деструктивноста на последиците кои произлегуваат од овој облик на криминал, преку анализа и систематизација на сознанијата во однос на причините за насилен криминал.

Криминалната етиологија е дел од криминологијата која ги проучува општите причини за криминалот како масовна општествена појава и индивидуални, посебни, непосредни причини, услови и причини за појава на криминално однесување (криминогени фактори). Каузалноста на криминалот и криминалното однесување, условите кои придонесуваат за нивно настанување и причините кои водат до тоа, се основните прашања на криминологијата како теоретска и емпириска наука. Сепак, многу прашања во оваа област остануваат нерешени. За причините за криминалот постојат голем

[20] Сулејманов, Зоран, Криминологија (Скопје, 2003 година) стр.40
[21] Велкова, Татјана, Вовед во криминологијата (авторизирани предавања), ФОН, Скопје, 2008, стр.74
[22] Арнаудовски, Љупчп, Криминологија, Скопје,2007 година, стр.326

број теории и сфаќања, бројни се и практичните истражувања, а сето тоа укажува на недоволно разјаснување на општите причини за криминалот како масовна општествена појава и специфичните причини за криминалното однесување.

Криминалната етиологија најчесто се дели според природата на факторите кои влијаат на појавата на криминалитетот, на две области: егзогена етиологија и ендогена етиологија.

Егзогената етиологија се однесува на проучување на причините за криминалот кои произлегуваат од одредена општествена култура и структура, услови за живеење, дејство на различни криминогени фактори поврзани со семејството, училиштето, групата, средствата за масовна комуникација, културните конфликти, различните сфаќања за вредности, други девијантни однесување итн. Во рамките на ендогената етиологија, потребно е да се разјасни како се одвива процесот на „лична криминализација“, зошто одредени лица вршат кривични дела во одредени општествени услови, а други лица во тие исти услови не вршат крицични дела, какво влијание имаат психолошките процеси врз криминалитетот (лични интелектуални процеси: размислување, учење, интелегенција, перцепција, емоционални процеси или чувства и волеви процеси- мотивација) и психолошки особини (способности, навики, темперамент, потреби, интереси). Основните прашања што ги разгледува криминалната етиологија се поврзани со определувањето на општите причини (корени на криминалитетот) и криминогените фактори - непосредни чинители на криминалното однесување.

Криминалот како масовна општествена појава има општи причини во различни области од општественото живеење - политички, правни, економски, морални, културни.

Како индивидуална појава, криминалитетот може да биде предизвикан од повеќе различни криминогени фактори или од објективни и субјективни околности што доведуваат до негова појава. Меѓу криминогените фактори може да се издвојат причините (дејствуваат со поголем интензитет на појавата на криминалитетот, често одлучно и директно предизвикуваат криминално однесување), состојби (придонесуваат појава на криминално однесување) и причини (надворешни влијанија и околности кои се поврзани со самата ситуација на извршување на кривично дело и придонесуваат за донесување одлука за извршување на делото).

Општи причини за криминалот кои произлегуваат од одредена општествена структура, социо-економскиот систем и односите во сите сфери на општественото живеење, се поврзани со посебни и индивидуални фактори кои дејствуваат во семејството, училиштето, професионалниот, класниот, социјалниот статус, во рамките на одредени поширoки и потесни општествени групи.

Причината на индивидуалното криминално однесување не може да се набљудува и проучува надвор од општата каузалност, ниту пак посебните и индивидуалните влијанија да се занемарат во општата каузалност.

4 Криминолошки аспекти на криминалитетот на насилство

Насилниот криминал или како што се нарекува и криминал на насилство претставува значаен дел, сегмент од современиот општ криминалитет (или вообичаен, конвенционален криминал).[23] Насилството е феномен кој се забележува во секое општество и во сите фази од неговиот развој. Се променија и формите и методите на насилство, како и начинот на индивидуална и општествена реакција на оваа појава, но од почетокот, па се до денес, луѓето употребуваа сила врз другите.[24]

Иако понекогаш и нужно, насилството е негативен и неприфатлив општествен феномен на кој општеството мора на одреден начин да реагира. Таа реакција може да биде некаков облик на заштита, самоодбрана од насилство, но може да значи и казнување на оние кои вршат насилство, односно кога на насилство се реагира со насилство, кога на сторителот кој го врши насилнството му се нанесува одредена штета во облик на повреда на некои негови основни слободи или права.

Во литературата е наведено дека кривичното дело насилство првенствено треба да вклучува криминални активности кои го напаѓаат животот и телото [25](крвни деликти,

[23] Г. Мешко, Б. Петровић, Криминологија, Сарајево, 2008. године, стр. 168-170
[24] Љ. Лазаревић, Деликти насиља - кривичноправни аспект, Београд, 2002. године, стр. 11.
[25] Ј. Бутуровић, Карактеристике кривичних дела против живота и тела, Правни живот, Београд, број 8-9/1979.

семејно насилство), сексуалната слобода и сексуалниот морал (сексуални злосторства), но и други криминални однесувања извршени од личен интерес со употреба на сила (разбојништво и изнуда), потоа оние против слободата и правата на граѓаните (противправно лишување од слобода, изнуда на сведочење, злоупотреба и тортура), против јавниот ред (спречување службено лице во вршење на својата должност) и насилничко однесување на јавно место, односно на спортски натпревар.

Во современата правна литература постојат различни пристапи во определувањето на концептот и карактеристиките на насилниот криминал, иако меѓу нив нема значајни разлики. Постојат одредени разлики кога станува збор за класификацијата на кривичните дела кои се вклучени во содржината на насилниот криминал. Кривичните дела на насилство според Љ. Лазаревиќ се секои инкриминирани човечки однесувања кои со употреба на сила или сериозни закани ги повредува или загрозува законски заштитените добра, т.е. деликт на насилство со незаконска употреба на сила или закани против друг.[26]

Во делот на традиционалниот насилен криминалитет, пред се, спаѓаат убиствата и телесните повреди, како и кривичното дело силување. Конечно, во оваа група можат да се класифицираат и две конкретни кривични дела кои имаат елементи на насилен и имотен криминалитет. Првата е разбојништво, а втората е разбојничка кражба, кои во целото законодавство се сметаат за посериозни и сложени кривични дела.[27]

Денешната криминологија е особено заинтересирана за некои нови форми на насилство кои се случуваат во семејството, особено оние чии жртви се децата. Во секој случај, тука пред се спаѓа семејното насилство. Семејното насилство, за жал, во денешно време се повеќе и повеќе е актуелно, особено во периодот додека траеше пандемијата.

Односите меѓу нејзините членови, како што покажуваат бројни студии, често се карактеризираат со секаков вид на злоупотреба и насилство. Жртви се: деца, сопружници,

---

године, стр. 1-22; Б. Краус, Кривична дела против живота и тијела, Приручник, Загреб, број 4/1958. године, стр.
322-336; З. Стојановић, Право на живот и кривично право, Југословенска ревија за криминологију и кривично
право, Београд, број 1/1998. године, стр. 3-15; Ш. Вуковић, Крвни деликти у Србији, Београд-Зајечар, 1984. године, стр.17-23.

[26] Љ. Лазаревић, Деликти насиља - кривичноправни аспект, оп.цит. стр. 13.

[27] Б. Петровић, Могући узроци и увјети настанка неких облика организираног криминала у Босни и Херцеговини, Полиција и сигурност, Загреб, број 3/2000. године, стр. 240-246.

поранешни сопружници, постари родители, како и други лица кои живеат заедно и не се поврзани (т.е. по крв или брак).[28] Казненоправното значење на насилството се изразува на два начина: од една страна насилството се криминализира како кривично дело, затоа се работи за таканаречени деликти на насилство, а од друга страна, насилството е важно за кривичната одговорност (вината) на сторителот кога делото го извршил под дејство на сила или закана.[29]

4.1 Типологија на криминалитет на насилство

Типологијата на криминалитетот се смета за научен сложен проблем за кој криминолозите треба повеќе да се ангажираат. Во криминологијата постојат различни класификации и типологии на криминалитетот. Типологијата која спаѓа во рамките на криминологијата пред се претставува битен фактор за детектирање на феноменологијата на криминалитетот и за откривањето на неговите појавни форми.

Во овој магистерски труд типологијата на криминалитетот на насилство всушност ни помага да го одредиме предметот на тоа што го истражуваме и ни помага да поставиме цел во кој правец ќе се движат нашите анализи и размислувања. Ако не го определиме правилно предметот на криминалитетот на насилство нема да можеме да дадеме научна елаборација на истиот. Кога зборуваме за криминалитет на насилство можеме да дојдиме до фактот дека скоро и не постои криминалитет кој не содржи елементи на насилство. Додека разгледував за оваа проблематика заклучив дека криминалитетот на насилство на различен начин го гледаат различни автори. Така некои автори всушност сметаат дека криминалитетот на насилство ги опфаќа умислените убиства, разбојништвото, телесните повреди, чедоморствата, сексуалните деликти, изнудата, лишување од слобода, абортусите и сл. Шепаровиќ во рамките на овој вид криминалитет ги вбројува кривичните дела против животот и телото и сексуалните деликти, злоупотребата на положбата, противправното лишување од слобода, разбојништвото, спречувањето на службено лице

[28] Ђ. Игњатовић, Криминологија, оп.цит., стр. 205.
[29] Д. Радовановић, Деликти насиља, Београд, 2002. године, стр. 16

во вршење на должност, насилно однесување на јавни места.[30] Со својот став за криминалитетот на насилство, Шепаровиќ можеме да кажеме дека е многу блиску до определување на предметот на овој вид криминалитет, затоа што тој со своите размислувања ги поведува и однесувањата кои се насилни на јавни места, поточно кажано прекршоците против јавниот ред и мир со елементи на насилство кои треба да бидат предмет на обработка. Кога ќе ги земиме во предвид ставовите на Шепаровиќ и советските криминолози кои се изнесени претходно, доаѓаме до фактот дека при дефинирање на криминалитетот на насилство пред се се тргнува од кривично- правните норми т.е. конкретните кривични дела кои содржат насилство или настануваат со насилство исто така и прекршоците против јавниот ред и мир кои имаат елемент на насилство. Кон типологијата на криминалитетот на насилство се утврдуваат различни критериуми: криминолошки, психолошки, кривично- правни, и други критериуми кои ни помагаат да го одредиме предметот на насилниот криминалитет. Кога ќе ги разгледаме феноменолошките карактеристики и кои се нивни сторители се земаат во предвид кривично- правните и криминолошките критериуми.

Врз овие критериуми можеме да кажеме дека според Кривичниот Законик на Република Северна Македонија следните групи најблиску ја отсликуваат суштината на овој криминалитет кај нас:

- Кривични дела против животот и телото;
- Кривични дела против имотот;
- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот;
- Кривични дека против јавниот ред.[31]

Во овој магистерски труд истражуваме за кривичните дела против животот и телото кои се први на листата на насилниот криминалитет, бидејќи не постои ниту едно кривично дело против животот и телото во кое нема насилство.

4.2 Типологија на жртви на криминалитетот на насилство

[30] Звонимир, Шепаровиќ, Криминологија и социјална патологија, Загреб 1981, стр. 99

[31] Кривичен законик, Сл. весник/ година: 37/1996 и подоцнежните измени и дополнувања

Кога зборуваме за жртва всушност жртва претставува секое правно или физичко лице чии што права, добра, интереси и вредности биле загрозени, уништени или оштетени со криминално поведение. Како значајно прашање се јавува и типологијата на жртвите која се зафаќа во скоро сите истражувања кои се од област на виктимологијата. Тука треба да споменеме дека типологиите на жртвите е заснована врз истата постапка како што е и создавањето на типологиите на престапниците. Исто така со определен тип индивидуата не се опфаќа, а не се опфаќаат ниту групите на поединци, туку комплекс од карактеристики кои се заеднички за бројни поединци кои што секогаш се наоѓаат во корелација која што е определена со останатите нивни меѓусебни раслични карактеристики. Потоа секоја поединечна индивидуа е претставник на тој тип. Од тука доаѓаме до фактот дека карактеристиките на различните типови меѓусебно не мора да се исклучуваат, туку една индивидуа може сукцесивно или истовремено да им припаѓа на различни типови (мешовит тип). [32]

Во литературата присутни се повеќе класификации на жртвите на криминалитетот на насилство кои се засноваат според различни критериуми. Така, Хрватскиот автор Шепаровиќ, жртвите ги групира на: доброволни или волеви жртви (жртви кои бараат врз нив да се изврши кривичното дело како што е абортус, евтаназија и сл, исто така и некои видови на самоубиство), непознати жртви (тука се подразбира на жртви кои не го пријавуваат злосторството), симулирачки жртви (всушност тие и не се жртви туку поднесуваат лажни пријави од различни мотиви), небрежни жртви (тука спаѓаат жртвите кои не се однесуваат одговорно спрема сопствената сигурност) и жртви на кривично дело во обид (тоа се жртви кои не ја претрпеле планираната штета).[33]

Интересна е типологијата која во нашата држава ја дава Сулејманов, затоа што тој преферира поделба на жртвите кои се врзуваат за некое од конкретните насилнички дела. Според неговите истражувања најзначајни за откривањето на карактеристиките на жртвите е кривичното дело убиство и исто така тој при определување на жртвите оди според следните критериуми:

---

[32] Vesna, Nikolic – Ristanovic, Peti medjunarodni simpozijum viktimologija, Jugoslovenska revija na kriminologiju I krivino pravo, Beograd, 2000, стр. 144

[33] Zvonimir, Separovic, Viktimologija: studije o zrtvama, Zagreb, 2000, стр. 85-89

- Интерперсоналните односи меѓу жртвата и сторителот на убиство може да се посматраат од следните аспекти: критериумот на социјалната припадност, национална припадност, карактерот на поврзаноста, критериум општествен углед.
- Предиспозициите кои ги прават лицата поподложни да станат жртви на убиства, а тоа се полот, занимањето, возраста, алкохолизираноста.
- Интерперсоналните односи меѓу жртвата и сторителот, кои му претходат на извршеното дело и вектимогените предиспозиции на жртвата, се учесници во криминогенезата на убиствата и исто така создаваат различни три предкриминални ситуации и типови на жртви (предиспозиции кои жртвата ја прават попривлечна во очите на злосторникот- одбрана жртва, предиспозиции кои го смалуваат отпорот на жртвата- случајна жртва и предиспозиции за кои сторителот го поттикнуваат на акција- определена жртва).[34]

Всушност, опредеувањето на типовите на жртви на криминалитетот на насилство е од значење за да се определат некои феноменолошки карактеристики на сторителите на насилнички дела. Ние преку однесувањата на жртвите можеме да заклучиме за определен сторител на насилничкото дело и затоа е битно да се воспостави соодветна методологија со која ќе се истражуваат жртвите на насилничките кривични дела која е повеќе од потребна. Но, вакви истражувања кај нас за жал не се прават, и сметам дека во иднина е потребно да се создадат инструменти и да се изгради методологија за истражување на оваа проблематика.

4.3 Темна бројка на криминалитетот на насилство

Заинтересираноста на современото општество за борбата против криминалитетот од сите видови, настојувањата за неговото осознавање преку причините кои доведуваат до пораст на криминалитетот и феноменологијата, продирањето во сферата на криминалитетот кој всушност останал неоткриен и неговите сторители не се казнети или продирањето на така наречената „темна бројка“ на криминалитетот има се поголемо

[34] Сулејманов, Убиствата во Македонија, стр. 149

значење од аспект успешно спречување и успешно сузбиваре на овој вид криминалитет. „Под поимот темна бројка на криминалитетот се подразбираат кривичните дела кои воопшто не му се познати на јавните власти, бројот на оние кои се познати, но од различни причини не е покренатa кривична постапка и бројот на оние каде е покренатa кривична постапка но не дошло до пресудување"(Љ.Арнаудовски, Криминологија, Скопје, 2007, стр.139). [35]

Прва дефиниција за темната бројка на криминалитетот се состои од кривични дела кои останаа неоткриени и непознати за надлежните органи и затоа не можат да се запишат ниту во официјалната статистика. Втората дефиниција ја објаснува темната бројка во поширока смисла и не ги нагласува неоткриените кривични дела, што значи дека темната бројка може да вклучува и кривични дела познати на полицијата. Авторите кои ја користат оваа дефиниција остават простор за заклучоци за причините поради кои некои кривични дела можеби им се познати на надлежните органи, но сепак можат да останат неевидентирани во официјалната статистика. „Темната бројка" е само креативно име за долгогодишен проблем што „ја прогонува" криминолошката дисциплина уште од нејзините почетоци.[36] За да се утврди темната бројка на криминалитетот тоа значи да се дојде до целосни сознанија за реланиот криминалитет. Секојдневната појава и забележувањето на насилство предизвикува една нова ранливост и чуствителност во нашето општество кон суровото насилство. За разлика од порано, насилството сега се јавува како феноменолошка карактеристика на многу видови криминалитет, што го прави потежок, многу потешко се открива и е потежок за проучување.[37] Како главни причини кои што прават темната бројка на криминалитетот на насилство кај нас да биде висока се: договорите кои жртвите и сторителите кои ги постигнуваат, стравот и страмот од етикетирање и сигматизирање од заедницата да се пријави кривичното дело кое е сторено, непрофесионалноста и неангажирањето на органите на прогонот, способноста на сторителите да го прикријат делото кое го извршиле и др. Кај нас неможноста на правосудните органи да излезат на крај и да се справат со тоа е високата темна бројка на криминалитетот на насилство, и со постоењето на оваа темна бројка не води до тоа

[35] Љупчо, Арнаудовски, Криминологија, Скопје, 2007, стр.139
[36] Coleman i Moynihan, 1996; prema De Castelbajac, 2014
[37] Слаѓана, Тасева, Криминологија: авториирани предавања, Европски универзитет, Скопје, 2009, стр. 95

нашите грѓани да се чуствуваат несигурно и небезбедно, и исто така колку е поголема темната бројка на криминалитетот на насилство толку е помала довербата на граѓаните во органите кои се должни да им гарантираат сигурност и безбедност.

5 Општи карактеристики на кривичните дела против животот и телото

Во кривичниот законик на Република Северна Македонија во посебен дел прво се систематизирани делата против животот и телото. Така, животот и телото се детермирани како најважни човечки и општествени вредности. Од името на ова подглавје произлегува дека предметот на заштита на овие кривични дела е дефиниран како двоен збир на вредности. Тие се: животот (или право на живот) и телесен интегритет (физичката и психолошката конституција на една личост, т.е. правото на негова неповредливост). Еден од најзначајните природни, фундаментални, општо цивилизациски, на универзалните човекови права е правото на живот. Тоа е основа и услов за постоење на сите други човекови права и слободи и припаѓа на најважните, не само лични туку и општи општествени добра.

Животот и телесниот интегритет всушност биле предмет на кривично-правна заштита уште од античко време, но оваа заштита не била целосна, ниту еднаква за сите членови на општеството. Кривичните дела на повреда или нарушувањето на животот и телото се викаат природни или општи кривични дела за разлика од општествените или политичките кривични дела кои се разликуваат по начинот на казнување и карактеристиките меѓу поединечните земји и во одредени историски периоди.

Предмет на заштита во овие кривични дела е човекот како живо човечко суштество, т.е. неговиот живот.[38] Заштитата за животот започнува од моментот на раѓање на човекот и трае до моментот на неговата смрт. Во однос на тоа кога се раѓа човекот, односно кога започнува заштитата на животот во правната теорија се разликуваат три сфаќања. Спрема првото сфаќање, заштитата на животот започнува со почетокот на процесот на раѓање на детето, што значи со процесот на негово одвојување од телото на мајката. Според друго разбирање човечкиот живот започнува со делумно или целосно излегување на детето од

[38] J. Ćirić, Javno mnenje i krivična dela protiv života i tela, Pravni život, Beograd, broj 9/2001. godine, str. 25-43.

телото на мајката, додека според третото сфаќање, самостојниот живот на детето започнува со престанок на плацентарното дишење и почетокот на пулмоналното дишење. Нашето законодавство го прифаќа првото сфаќање. Тоа е случај со убиство (уништување) на човечки фетус во телото на мајката пред да започне процесот на раѓање – со кривичното дело противправно прекинување на бременост, каде што покрај плодот се заштитува и телесниот интегритет, здравјето и животот на бремената жена. Во однос на моментот на смртта, односно моментот до кој трае казнено-правната заштита на животот, во правната теорија постојат и три различни сфаќања. Според првото сфаќање, смртта настанува со престанок на дишењето и работата на срцето и белите дробови. Според друго сфаќање, човечкиот живот трае до почетокот на билошка смрт, а тоа е моментот кога ниту еден орган не покажува знаци на живот и не се одвива витална функција. Според третото разбирање кое е прифатено во нашиот закон, смртта на човекот настанува со почетокот на церебрална или мозочна смрт (престанок на мозокот), која се состои во исклчување на сите мозочни функции.

5.1 Систематика на кривични дела против животот

Нашето казнено право во посебен дел предвидува повеќе кривични дела против животот. Нивниот заеднички именител е:

- дека се насочени кон повреда или загрозување на животот на друго лице - затоа, нивната последица настанува во форма на повреда или загрозување на физичката (телесна) конституција на човекот, односно неговото физичко или ментално здравје, и
- во случајот на овие кривични дела, било како единствен (основен) или како алтернативен (дополнителен) предмет на заштита се јавува животот на едно лице, односно физичкиот (телесниот) интегритет на друго лице и неговото физичко и ментално здравје.

Така, сите кривични дела против животот можат да се систематизираат во две основни групи. Тоа се стварни или основни кривични дела против животот и овие дела имаат цел на заштита само и исклучиво животот, односно физичкиот интегритет или

физичката или психолошката конституција на личноста. Овие дела се нарекуваат и вистински, општи или природни кривични дела. Кривичните дела од овој тип спаѓаат во општиот криминалитет, во подгрупата наречена: „насилен криминалитет“. За нив често се користи името „крвни деликти “.

Овие кривични дела во нашиот закон се предвидени во глава четиринаесетта, со наслов: „Кривични дела против животот и телото“. Според објектот на заштита и обликот на напад т.е. загрозување или повреда во националното казнено законодавство делата од оваа глава се делат на:

- Дела на лишување од живот член 123-127 (тука влегува и делото од член 128- Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство
- Дела на уништување на идниот живот (плодот) член 129
- Дела на загрозување член 132 и 133
- Дела на телесно повредување член 130 и 131
- Дела на напуштање (отфрлање) член 134-136.[39]

6 Крвни деликти

Под поимот крвни деликти спаѓаат кривични дела насочени против физичкиот интегритет на една личност, кривични дела извршени со употреба на сила и насилство, напад на основната вредност - животот и физичкиот интегритет на една личност. Оваа област ги вклучува сите форми на дела што резултираат со смрт или телесни повреди, како и некои дела поврзани со имотот извршени со насилни дејствија. Најтешки облици на крвни деликти се убиството и тешките телесни повреди. Таквите дела можат да се извршат со различни средства: физички и психолошки, директни или индиректни. Секако, најтешкиот деликт од оваа група кривични дела е убиството.[40] Животот и телото на човекот како заштитен предмет припаѓаат на добрата на поединецот и во вредносната скала на добрата заштитени со кривичното право завземаат највисоко место. Ова е

[39] Владо, Камбовски. Казнено право-посебен дел, Просветно дело АД, Скопје, 2003, стр. 29
[40] Milo Bošković, „Kriminologija“, Novi Sad, 2006, Pravni fakultet „Univerzitetski udzbenik“ str 269

особено точно во однос на животот на човекот кој е неприкосновен. Начелото на неповредливост на човечкиот живот кај нас е предвидено како уставно начело.

6.1 Поим на крвни деликти

При дефинирањето на овој поим треба да се тргне од фактот дека тој не е признат од позитивното законодавство и дека ниту кривичното право, ниту криминолошката литература конкретно не се занимаваа со неговото дефинирање.

Кривичниот законик на Република Северна Македонија, определувајќи групи на кривични дела, според групни заштитни предмети, систематизира кривични дела против животот и телото. Во практиката не се ретки случаите кога се користи терминот „крвни деликти“, било како синоним за кривични дела против животот и телото, или како заедничко име само за некои од нив, пред се за убиства и телесни повреди. Овој термин е присутен во практиката во иста мера како што се присутни и други слични поими, кои означуваат одредени групи на кривични дела, како што се: „сексуални деликти“, „економски криминал“, „политички криминал“ и слично. Непрецизноста во однос на содржината на крвните прекршоци е карактеристична и за содржината на сите овие поими. Така, економскиот криминал понекогаш се подразбира како сите кривични дела извршени против имотот на правните лица, без разлика дали тие според системот на кривичните закони се класифицирани во групите кривични дела против стопанството или против службените должности, па дури и во други групи, на пример, против имотот, кога делото е извршено на штета на социјалната сопственост итн. Не се ретки случаите кога истиот концепт опфаќа само кривични дела кои според заедничкиот групен заштитен објект се класифицирани во групата кривични дела против стопанството. Во други случаи, овој поим, покрај горенаведените дела, вклучува и кривични дела против човештвото и

меѓународното право. Без разлика на непрецизноста на терминот „крвни деликти“ во неговата практична примена, теоријата не го заобиколила. Напротив, се користи во многу дела, но на тој начин што и во овие случаи остава дилема за неговото вистинско значење.

Покрај дефинирањето на поимот, потребно е да се одговори и на прашањето: дали има разлика во содржината, која се става под ист опфат како и делата против животот и телото содржани во кривичниот закон? И ако постои таа разлика, во што се рефлектира и која е основата за разграничувањето. Веднаш да кажам дека има разлика. Крвните деликти се дел и тоа најгоем дел од делата против животот и телото. Значи, без оглед на групната заштита, објектот на сите кривични дела против животот и телото е ист, дури и меѓу овие дела може да се врши натамошна систематика, според одредени критериуми што го оправдуваат. Еден од критериумите за разграничување во оваа смисла е целта кон чие остварување е насочено дејствието на извршување на одредено кривично дело со оглед на тоа дека „со секое дејствие човекот се стреми кон некоја цел“. Според истиот критериум, крвните деликти се разликуваат од сите други кривични дела содржани во кривичниот закон. Значи, она што претставува заедничка карактеристика на сите крвни деликти и што ги прави, како група кривични дела, различни од другите казнени дела, е целта што ја следи сторителот на делото, преземањето на дејствието на извршувањето. Така, одредени кривични дела се карактеризираат со задоволување на сексуалната желба (сексуални деликти) како заедничка цел на извршувањето, други со стекнување противправна имотна корист (имотни деликти) итн. Кога станува збор за крвни деликти, чинот на извршување секогаш, без разлика за кое кривично дело станува збор, доведува до нарушување на физичкиот интегритет на една личност. Но, треба да се има во предвид дека кај овие деликти повредата на физичкиот интегритет е единствена цел и дека целосно ги согледува последиците од делото, за разлика од некои други кривични дела, каде што целта вклучува и повреда на физички интегритет, но не како целосна содржина туку како дел од неа. На пример, делото извршување на кривичното дело тешка кражба е насочено кон остварување повреда на физичкиот интегритет, но и кон одземање на туѓ подвижен имот со намера со присвојување да се прибави противправна имотна корист. Повредувањето не е единствената цел, и не само тоа, туку се јавува како цел подредена на главната цел, а тоа е одземање на туѓ подвижен имот со намера да се прибави противправна имотна корист. Значи, кај крвните деликти, повредата на физичкиот интегритет, која може да се

манифестира како лишување од живот, физичка повреда или нарушување на здравјето, претставува единствена последица на делото како суштински елемент на неговото битие.

Имајќи го во предвид сето погоре кажано, крвните деликти може да се дефинираат како група на кривични дела чија заедничка карактеристика е што секое од нив со чинот на извршување настојува да постигне повреда на физичкиот интегритет на друго лице, како единствената цел која целосно ги исполнува последиците од делото во неговото битие. Тргнувајќи од оваа дефиниција, лесно може да се види дека не сите кривични дела против животот и телото можат да се подведат под концептот на крвни деликти. Овие кривични дела не го добиваат овој третман: неовластено прекинување на бременоста, учество во тепачка, загрозување со опасно орудие при расправија или тепачка, изложување на опасност, напуштање на беспомошно лице и неукажување помош, бидејќи тоа се кривични дела чии последици се манифестираат со загрозување, а не со повреда на физичкиот интегритет. Истото е случај и со другите кривични дела, надвор од групата кривични дела против животот и телото, кога се оквалификувани со потешка последица во вид на повреда на физичкиот интегритет. Во оваа состојба, барањата од дефиницијата што ја посочивме погоре ги исполнуваат само кривичните дела: убиство, убиство на миг, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање, наведување на самоубиство и помагање во самоубиство, тешка телесна повреда и телесна повреда и тие се подложени на концептот на крвни прекршоци.

Секое кривично дело во рамките на крвните деликти не претставува еднаква општествена опасност од проста причина што нивните последици се нееднакво штетни за физичкиот интегритет на човекот, како заштитено добро. Смртта е најсериозна и најтешка последица, а тешкото повредување на телото или нарушување на здравјето е многу посериозна од полесните на телесните повреди.

6.1.1 Видови крвни деликти во криминолошка смисла

Според Д-р М. Бошковиќ, терминот „крвни деликти“ се однесува на кривични дела насочени против физичкиот интегритет на една личност, кривични дела извршени со употреба на сила или насилство, напад на основната вредност - животот и телесниот

интегритет на една личност, а во оваа област спаѓаат сите форми на дејствија што резултираат со смрт или физички повреди.[41]

Д-р Ш. Вуковиќ под поимот крвни деликти смета дека се однесува на група кривични дела кои се состојат од: убиство, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање, предизвикување самоубиство и помагање во самоубиство, тешка телесна повреда и полесна телесна повреда.[42] Од друга страна, не е редок случај имотните деликти извршени со насилни средства да се класифицираат како крвни деликти - разбојништво и разбојничка кражба, и сите оние кривични дела кои одземаат живот, повредуваат или го загрозуваат животот, телото и здравјето.[43]

6.1.2 Анализа за вкупниот криминал по области и сектори во периодот од 2010 до 2019 година во Република Северна Македонија- Крвни деликти

Состојби во областа на крвните деликти										
	2010	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**
Кривични дела убиства	40	28	28	20	26	22	17	27	19	22
Регистрирани сторители	48	32	27	18	27	24	20	25	34	21
Жртви на убиства	45	31	29	22	34	25	18	32	22	23

[41] Др М. Бошковић, *Криминологија*, Нови Сад, 2015, Правни факултет у Новом Саду, стр. 159.
[42] Др Шпиро С. Вуковић, Крвни деликти у Србији, Зајечар, Ро за графичко-издравачку делатност, стр. 14.
[43] С. Константиновић-Вилић, В. Николић-Ристановић, *Криминологија*, Ниш, 2000, Студентски културни центар, стр. 117.

Кривично дело тешка телесна повреда	248	239	211	216	213	154	173	148	156	161
Сторители	333	293	251	242	243	191	209	164	182	178

Табела бр. 1

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/31

Кривично дело убиство по сектори										
Оранизациони единици	**2010**	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**	**2019**
СВР Скопје	14	12	8	8	8	6	4	11	7	9
СВР Битола	3	/	3	1	2	/	3	5	3	1
СВР Велес	/	2	4	2	6	1	1	2	/	1
СВР Куманово	7	4	2	3	1	2	4	1	1	2
СВР Охрид	5	3	3	/	2	4	1	3	3	2
СВР Струмица	3	3	2	1	/	1	2	1	1	2
СВР Тетово	4	4	4	3	3	7	2	3	2	3
СВР Штип	4	/	2	2	4	1	/	1	2	2

Табала бр. 2

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/31

Кривично дело тешка телесна повреда по сектори										
Оранизациони единици	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019
СВР Скопје	53	56	61	75	68	56	45	51	48	47
СВР Битола	33	39	33	35	28	21	22	22	15	21
СВР Велес	36	25	10	15	13	9	8	8	5	15

СВР Куманово	20	28	21	23	12	5	10	9	14	14
СВР Охрид	27	27	15	20	22	16	17	9	24	19
СВР Струмица	20	22	19	16	16	15	25	14	18	16
СВР Тетово	27	20	21	15	24	16	21	18	9	14
СВР Штип	32	22	31	17	30	16	25	14	23	15

Табела бр.3

Извор: https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/31

7 Кривични дела против животот и телото во Република Северна Македонија

7.1 Поим, видови и општи карактеристики на кривични дела против животот и телото

Терминот кривични дела против животот и телото, односно како што се нарекуваат крвни деликти во криминологијата, се однесува на кривични дела насочени против физичкиот интегритет на една личност, кривични дела извршени со употреба на сила и насилство, напад на основната вредност - животот и физичкиот интегритет на една личност. Оваа област ги вклучува сите форми на дејствија што резултираат со смрт или физичка повреда на некое лице. Таквите дејствија можат да се извршат со различни средства: физички, психолошки, директни или индиректни. Секако, најтешкиот деликт од кривичните дела е убиството. Убиството всушност претставува едно од најтешките и најсложените негативни појави во општеството. Тоа претставува најтешка форма на кривично дело, познато низ историјата на човештвото како деликт спротивен на обичаите, моралот и правните норми, санкциониран со најстроги кривични санкции. Во групата на кривични дела каде што предмет на заштита е човечкиот живот како најголем израз во системот на вредности според Кривичниот Законик на Република Северна Македонија спаѓаат:

- Убиство (член 123),
- Убиство од благородни побуди (Член 124),
- Убиство на миг (член 125),

- Убиство од небрежност(член 126),
- Убиство на дете при пораѓање (член 127),
- Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство (член 128),
- Противправно прекинување на бременост (член 129),
- Телесна повреда (член 130),
- Тешка телесна повреда (член 131),
- Учество во тепачка (член 132),
- Загрозување со опасно орудие при тепачка или каранница (член 133),
- Излагање на опасност (134),
- Напуштање немоќно лице (член 135),
- Неукажување помош (член 136).

7.1.1 Убиство

Убиство е кога едно човечко суштество предизвикува смрт на друго човечко суштество.[44] Убиството, по својата природа, неспорно е најтешката и најопасната форма на криминална активност. Убиството го уништува човечкиот живот, а во повеќето современи правни системи се дефинира како одземање живот на друго лице. Според тоа, според општо прифатената семантика, тоа е „смрт на еден човек предизвикана од друг човек“ (hominis caedes ab homine).[45] Постојат различни теоретски дефиниции за убиството. Една од присутните е дефиницијата дадена од Драгољуб Атаначковиќ е дека кривичното дело убиство се состои во лишување од живот на некое лице. [46]

Убиството претставува самосвесен акт на еден човек кој резултира во смрт на друго лице т.е убиството има и случајни дејства, дејства од невнимание или негрижа, дури

[44] https://web.archive.org/web/20140607010815/http://www.law.cornell.edu/wex/homicide, "Homicide definition". Cornell University Law School. 30 June 2009 "Homicide definition". Cornell University Law School. 30 June 2009
[45] Д. Коларић, *Кривично дело убиства*, Београд, 2008, ЈП „Службени гласник“, стр. 151.
[46] Ibid, стр. 152.

и во ситуации кога извршителот на кривичното дело немал намера да ја предизвика смртта.[47]

Современото законодавство, како и законодавството на Република Северна Македонија, прават разлика помеѓу обично, тешко (квалифицирано) и лесно (привилигирано) убиство. Кривичниот закон на Република Северна Македонија пропишува: Убиство од благородни побуди, убиство на миг, убиство од небрежност, убиство на дете при пораѓање. Законската дефиниција на Кривичното дело обично убиство гласи: "Тој што друг ќе лиши од живот ќе се казни со затвор најмалку пет години"[48], а другата законска дефиниција за квалифицираните убиства гласи : "Со затвор најмалку десет години или со доживотен затвор ќе се казни тој што: друг ќе лиши од живот на свиреп или подмолен начин,друг ќе лиши од живот при вршење на семејно насилство, друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице, друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди, друг ќе лиши од живот по порачка, ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или малолетно лице и ќе лиши од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода.[49] Заштитата на човечкиот живот е основно правило, а противправното лишување од живот е кривично дело. Според тоа, овој термин ги исклучува случаите на незаконитост, односно исклучок се делата извршени во нужна одбрана и крајна нужда. Дејството на делото во општа смисла е лишување на човечки живот, додека дејство на извршување е секое дејствие способно да предизвика смрт на друго лице. Тоа може да биде конкретно било кое директно или индиректно дејство каде што последица на делото е насилна смрт на друго лице предизвикана на незаконски начин.

[47] Melenik, Juey (9 септември 2015). „7 Common Mistakes Regarding Autopsy Reports". Advantage Business Media. Forensic News Daily.
[48] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[49] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година

Предмет на заштита кај кривичното дело убиство е човекот како човечко суштество и исто така предмет на дејството може да биде само жив човек. Услов е дека детето е родено живо, а способноста за живеење, односно фактот на менталната состојба на здрацјето е неважна. За одговорноста на сторителот доволни се два вида на умисла. Умислата во кривичното дело убиство се третира со објективните критериуми на делото и неговите последици, околностите во кои е сторено делото, а кои се утврдени врз основа на сите околности на конкретниот настан. На субјективен план, не е потребен друг елемент, како што е на пример прашањето за мотивот. Но, иако тоа не е важно за постоењето на ова кривично дело, мотивот може да биде основа во која убиството е оквалификувано како тешко убиство. Меѓутоа во судската пракса, проблеми при утврдување на умисла се јавуваат во случај на обид за извршување на кривичното дело убиство и кога се прави разлика помеѓу кривичното дело убиство и кривичното дело тешка телесна повреда кое како последица имало смрт на некое лице. Бидејќи во случајот на обид за убиство, намерата на сторителот вклучува и намера да одземе живот како последица на преземеното дејствие, тешко е да се направи граница меѓу овие две кривични дела, поради отсуство на последици.

Најсигурен критериум за разграничување би бил фактот дали сторителот при извршувањето на делото, можел да го лиши од живот па од тоа свесно се откажал, додека лицето било сеуште живо, или бил спречен да го стори тоа поради некои непредвидени околности. Во првиот случај се работи за нанесување тешка телесна повреда со последица на смрт од небрежност, а во другиот случај обид за убиство. За кривично дело убиство е пропишана казна затвор од најмалку пет години

7.1.2 Убиство на свиреп начин

Убиство на свиреп начин постои кога сторителот му нанесува болка, мачење и страдање на жртвата кои се несвојствени за обично убиство, односно за самиот акт на лишување од живот. Се работи за тешко убиство со оглед на начинот на кој е извршено делото. Делото може да биде извршено на свиреп или подмолен начин.

Кај кривичното дело убиство на свиреп начин потребно е да се утврди објективната и субјективната компонента. Целта се состои со тоа што на жртвата му се нанесува болка страдање и мачење, кои во однос на времетраењето и интензитетот ги надминуваат болките, страдањата и маките кои вообичаено го продолжуваат убиството. Субјективната компонента на свирепоста се состои во свесноста на обвинетиот за можноста на жртвата да и нанесе такви особено силни болки, страдања и мачења, и тој сакал или барем се согласувал на таквото однесување.

7.1.3 Убиство на подмолен начин

Убиство на подмолен начин исто како и убиство на свиреп начин има своја субјективна и објективна страна. Објективната страна се состои од прикриено и тајно однесување на сторителот. Субјективната страна главно се оснесува на искористување на беспомошноста или довербата на жртвата кон сторителот, искористувајќи ја невиноста на жртвата, со измама, со нечесно и злонамерно однесување . Кривичното дело се врши тајно, подмолно, лукаво и со измама. Подмолноста во објективна смисла многу го олеснува извршувањето и прикривањето на делото, а во субјективна смисла укажува на крајно негативните карактеристики на сторителот. Дополнителна карактеристика на оваа квалификациска карактеристика е искористувањето на беспомошноста на жртвата.

Меѓутоа, сите горенаведени карактеристики нема да бидат доволни за да се квалификува убиството како подмолно, доколку сторителот во конкретниот случај не ја злоупотребил или не ја искористил довербата на жртвата. Односот на доверба всушност постои измеѓу членовите во семејството, брачните сопружници, пријателите итн. Постои можност без оглед на врската меѓу сторителот и жртвата да нема доверба помеѓу нив.

7.1.4 Убиство при вршење на семејно насилство

Убиство при вршење на семејно насилство - Овој облик на тешко убиство е воведен со Новелата на КЗ од 2004 година, за да се обезбеди засилена заштита на жртвите

од семејно насилство. Околностите што на ова убиство му даваат потежок вид се: прво, што тоа (по правило) се извршува по претходно подолготрајно, повторувано (систематско) малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство спрема жртвата, што кај неа предизвикувало чувство на несигурност, загрозување или страв[50] и второ, што сторител и пасивен субјект се лица кои се наоѓаат во семејни или други блиски лични односи (брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи).[51] Затоа е, во најмала рака, проблематична една одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија (Квп. Бр. 176/09), според која, не е исклучено овој облик на убиство да биде извршено и во еден наврат на насилничко однесување кон член на семејна или друга слична заедница или однос, кое ескалира до лишување од живот на жртвата поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи).[52]

Убиството на насилникот од страна жртвата, во случај на т.н. акумулиран ефект, во нашиот КЗ се третира како привилегиран облик на убиство (убиство на миг - чл. 125).[53]

7.1.5 Лишување на друг од живот и притоа со умисла доведување во опасност на животот на уште некое лице

Начинот на извршување на ова дело е на пример во случај ако некој пука на мајка која во рацете држи дете или во човек кој седи веднаш до друго лице. Најчесто тоа се прави со употреба на опасно средство како што е бомбата, пластична мина или огнено оружје на места каде што има можност да бидат убиени и други лица. Така, доколку овие

---

[50] Затоа е, во најмала рака, проблематична една одлука на Врховниот суд на Република Македонија (Квп. Бр. 176/09), според која, не е исклучено овој облик на убиство да биде извршено и во еден наврат на насилничко однесување кон член на семејна или друга слична заедница или однос, кое ескалира до лишување од живот на жртвата

[51] КВАЛИФИЦИРАНИ (ТЕШКИ) УБИСТВА, Д-р Методија Каневчев, редовен професор,1.02 Прегледна научна статија, УДК: 343.611:340.13(497.7), стр. 4

[52] Кривичен закон на Република Северна Македонија, Службен весник, Скопје, 1996 година

[53] КВАЛИФИЦИРАНИ (ТЕШКИ) УБИСТВА, Д-р Методија Каневчев, редовен професор,1.02 Прегледна научна статија, УДК: 343.611:340.13(497.7), стр. 5

средста со цел за да лишат од живот одредено лице, се стават во стан, работно место, службен автомобил, вагон или просторија каде што треба да се одржи состанок со цел да се одземе животот на одредено лице, секогаш постои можност и некој друг да биде повреден покрај тоа лице. Фактот дека животот на други лица ќе биде загрозен со начинот или средствата за извршување на убиството, мора да му биде познат на сторителот за да се согласи да го изврши планираното дело под тие околности.

Тоа значи дека сторителот на убиството тоа го прави со директна умисла, а последица е загрозување на животот на едно или повеќе лица со евентуална умисла. Тука има две последици: убиство и загрозување на животот на едно или повеќе лица и два вида на умисла: директна и евентуална.

7.1.6 Лишување од живот од користољубие, заради извршување или прикривање на друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди

Користољубие е интересна страст за стекнување или зачувување на имотна или неимотна корист, како што се примање надомест за убиство, убиство на доверител, убиство на лице кое е пречка за остварување на придобивките итн. Притоа, за реализација на оваа форма не е важно дали сторителот ја реализирал намерата или не.

Убиство заради извршување или прикривање на друго кривично дело е одземање на живот на друго лице со цел да се овозможи или олесни извршување на друго кривично дело или да се прикрие претходно сторено кривично дело со отстранување на лице како сведок, соучесник или жртва. Ова дело има два аспекти. Првиот тип на оваа форма на тешко убиство постои кога едно лице е убиено за да се отстрани како пречка, пречка за извршување на планирано кривично дело. Ова второ дело не мора да се изврши во конкретен случај, туку неговото остварување мора да претставува поттик за извршување на убиство што постои од страна на сторителот во моментот на одземање на животот на друго лице. Доколку е извршено или е обид за планирано кривично дело, а за обидот се казнува , тогаш постои поврзаност меѓу убиството и тоа друго кривично дело.

Друг вид на тешко убиство во оваа форма постои кога друго лице (сведок, жртва или соучесник) е лишено од живот за да се отстрани како сведок на претходно извршено кривично дело. За постоење на кривично дело небитно е дали претходното стореното кривично дело е откриено или не, како и во кое својство сторителот на ова кривично дело учествувал во претходното кривично дело: како сторител или соучесник, дали делото е извршено во нашата земја или во странство.

Убиство од безобзирна одмазда е лишување од живот друго лице од егоистички и себични побуди кои го карактеризираат сторителот како безчуствитвителна и асоцијална личност. Во ова кривично дело сторителот лишува од живот друго лице затоа што претходно му нанело штета него или на негово блиско лице, што по карактер, обем, природа и тежина е значително помало од убиството со кое сторителот возвраќа.

Убиство од други ниски побуди е облик на убиство кое опфаќа случаи на убиства кои се извршени од неморални побуди, а не се работи за користољубие, безобзирна одмазда или убиство со цел извршување или прикривање на друго кривично дело. На овој начин Кривичниот законик предвидува општа клаузула за други случаи на убиства кои можат да бидат извршени од ниски побуди. Законот експлицитно не пропишува кои мотиви може да се сметаат за ниски, но судот го утврдува тоа во секој конкретен случај. Во судската практика се искажува мислење дека под ниски мотиви се подразбираат сите мотиви кои не се достојни за човекот и не се во согласност со моралното сфаќање на општеството. Такви се на пример: омраза, завист, злоба, алчност, нетрпеливост итн. Во голем број случаи како мотив за убиство се јавува љубомората. Меѓутоа, во судската практика преовладува разбирањето дека љубомората сама по себе не претставува ниска побуда доколку не произлезе од некоја побуда која се смета за ниска, како на пример омразата, одмаздата и слично.

7.1.7 Лишување од живот по порачка

Во овај облик на кривично дело најчест облик е платеното убиство. За да се изврши тоа убиство мора да има најмалку две лица, лице кое ќе го нарача (плати) убиството и лице кое непосредно го извршува.

Ова кривично дело за разлика од крицичното дело убиство од користољубие, може да биде извршено и од други мотиви кои не мора да бидат од имотна корист. Тука се работи за организирано убиство. Неправото на делото го подига на повисоко рамниште во споредба со обичното убиство токму фактот дека извршителот постапува како ладнокрвен инструмент за остварување на нечија порачка, т.е дека самото убиство се сведува речиси на извршувањето на некаква трговска зделка и исто така покрај платеното убиство во каков што вид најчесто се појавува, зад оваа квалификационо убиство можат да стојат и други врски и мотиви на извршителот и нарачателот т.е политички мотиви, деловни мотиви и слично и со ова можеме да заклучиме дека нарачателот одговара како поттикнувач на тешко убиство. [54]

7.1.8 Убиство на судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на нивната функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање на сторител на кривично дело или чување на лице лишено од слобода

Ова кривично дело се состои во умислено одземање на животот на лице кое има посебно службено својство - својство на судија, јавен обвинител, заменик јавен обвинител, адвокат или полициски службеник.[55] Квалификациона околност за овој облик на убиство е својство на пасивен субјект и поврзаноста на убиството со извршувањето на неговата службена должност.

Законот за судовите, член 1, предвидува дека судовите се независни во постапувањето и одлучувањето. Во следниот член се наведува дека судовите судат врз основа на Уставот, законот и други општи акти, меѓународни договори ратификувани во согласност со Уставот и судиите во примената на правото ги заштитуваат човековите слободи и права.[56]

---

[54] Казнено право, посебен дел, В. Камбовски, Н. Тупанчески, Скопје, 2011. Стр.42
[55] Д. Јовашевиќ, op.cit.p. 29.
[56] Закон за судовите, Бр. 07-1912/1, Скопје, 2006 година

Законот за јавно обвинителство,[57] член 2, предвидува дека Јавното обвинителство е државен орган кој ги гони сторителите на кривични дела и други казниви дела и презема мерки за заштита на уставноста и законитоста. Во членот 5 се вели дека „јавна обвинителска функција“ е функција на јавниот обвинител и јавните обвинители.[58]

Според одредбите на Законот за полиција, член 2 став 2 “Полициски службеник е овластено службено лице согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на Полицијата со полициски овластувања, кој ги врши полициските работи во согласност со закон.”[59]

Со пропишувањето на ова кривично дело како облик на тешко убиство, се обезбедува зголемена кривична заштита на носителите на правосудните функции. Треба да се истакне дека убиството на носител на судски функции или полициски службеник при вршење на службена должност треба да се оквалификува како тешко убиство, имајќи во предвид дека наведените лица имаат и статус на службено лице. Тоа значи дека кривичната заштита на споменатите лица се проширува, бидејќи тешко убиство ќе постои без разлика дали лишувањето од живот е извршено за време или во врска со вршење на службена должност.[60]

Ова дело се состои со намерно лишување од живот на лице кое е од јавно значење во врска со работата што ја работи. И овде својство на пасивен субјект е лице кое врши работи од јавно значење и преземање на дејствието на одземање живот во врска со извршувањето на овие задачи се квалификациони околности. За работа од јавно значење, во смисла на одредбите од Кривичниот законик, се смета вршење на професија или должност што има зголемен ризик за безбедноста на лицето што ја врши, а истата се однесува на професии кои се од значење за јавно информирање, здравјето на луѓето, образованието, јавниот транспорт, правната и стручната помош пред судовите и другите државни органи.

Суштината на квалификацискатa околност е природата, односно важноста на дејноста што ја вршат овие лица. За постоење на делото не е потребно лишувањето од

[57]ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година
[58] ЗАКОН ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО, Службен весник на РСМ, бр. 42 од 16.2.2020 година
[59] Закон за полиција – пречистен текст- Скопје, март 2015 година
[60] З. Стојановић, Коментар Кривичног законика, 2012, Београд, стр. 400.

живот да се изврши со цел за да се спречи извршувањето на тие задачи, туку потребно е да постои одредена каузалност, на пр. убиството е поттикнато од некоја активност на овие лица или од природата на работата што ја вршат.[61]

Сите тешки убиства се убиства со умисла. Намерата на сторителот мора да ги содржи и карактеристиките на основниот облик на убиство и квалификациската околност, така што намерата различно се појавува во одредени облици на овие дела. На пример, во случај на убиство на дете, сторителот мора да знае дека го презема дејствието на одземање на животот на малолетно лице. Но, со овој дел може да настанат одредени потешкотии при утврдувањето на содржината на намерата. Таков проблем може да настане кога телесниот интегритет или интелектуалната способност објективно создаваат впечаток дека личноста е полнолетна. Во таква ситуација, доколку сторителот има погрешна претстава за возраста на пасивниот субјект, тогаш не би имало одговорност за тешко убиство, туку за обично убиство. Слична е ситуацијата и кога се зборува за убиство на бремена жена. Имено, ако бременоста на жената е во таква фаза што не може да се види, а сторителот нема други сознанија за тоа, тогаш не може да се зборува за убиство на бремена жена, како форма на тешко убиство, туку за обично убиство, бидејќи оваа квалификациска околност не е опфатена со умислата на сторителот.

7.1.9 Лишување од живот на женско лице за кое сторителот знае дека е бремено или малолетно лице

Убиството на бремена жена е противправно лишување од живот на трудница, што мора да му биде познато на сторителот во моментот на чинот на извршувањето. Овде, чинот на извршување има двоен ефект. Тоа се: смрт на бремената жена и смрт на плод во телото на трудница, пред да започне процесот на раѓање.[62]

Кривичниот законик на Република Северна Македонија се заснова на фактот дека убиството се квалификува кога со убиството на мајката истовремено се уништува фетусот, но и животот на идното дете. Всушност, овде уништувањето на плодот претставува

[61] Љ. Лазаревић, op.cit.p. 446.
[62] Јовашевиќ, Д. „Кривични дела на убиство“, Белград, 2017, стр. 58.

дополнителна последица што следи по загубата на животот на мајката. Станува збор за нова форма на убиство пропишана во Кривичниот законик на Република Северна Македонија, член 123, став 6.

Квалификациона околност е бременоста, како и фактот дека одземањето на животот на трудницата го уништува и нејзиниот плод. Затоа на индиректен начин законодавецот со оваа одредба обезбедува заштита и право на живот на детето кое сè уште не е родено.

За трудница, во смисла на ова кривично дело, се смета жена која во моментот кога била лишена од живот имала неродено дете во нејзината утроба, кое било оплодено. Сторителот кој ќе го изврши ова дело е свесен дека лицето е бремено и со неговата намера вклучува свесност за бременоста, а со тоа свесен е и дека со одземање на животот на бремената жена се уништува и нејзиниот плод. Ако сторителот не знае за бременоста на жената, тогаш има обично убиство.

Децата (до 14 години) се особено чувствителна категорија на лица за кои зголемената заштита е целосно оправдана, бидејќи тие се слаби личности кои не можат да ги разберат намерите на возрасните, лековерни се, лесно е да ги измамат и поради тоа тие се во неповолна положба од другите, па полесно е да се лишат од животот. Злосторствата против децата имаат подалекосежни последици за општеството отколку злосторствата против возрасните. Повредувањето или убиството на дете во поголем степен ја изразува несовесноста и нечувствителноста на поединците кон жртвата на убиството. Намерата на сторителот мора да биде свесен дека тој лишува живот на дете (малолетник) и за ова е санкционирана казна од најмалку десет години или со доживотен затвор.

7.2 Убиство од благородни побуди

Делото го сторува тој што друг ќе лиши од живот од благородни побуди (член 124 од КЗ) - се казнува со затвор од шест месеци до пет години.[63] Се работи за инкриминирано дејствие за кое во казнено правната, медицинската и други науки има разни гледишта и

[63] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година

сериозни полемики и разидувањна по прашањето за евтаназијата и евгениката каде убиството се сторува од побуди на милосрдие, сожалување на страдањата на објектот на дејствието, при што секогаш дејствието се презема од благородни побуди, за идно нестрадање на убиениот.[64] Се користат различни термини за овој ист институт правната теорија и општо во секојдневието, кои сите имаат исто значење: евтаназија, убиство од благородни побуди, убиство од милосрдие и сл. Поимот на евтаназија потекнува од Бекон, и претставува помагање во умирањето, „благата смрт“, односно благата и лесна смрт.[65]

7.3 Убиство на миг

Ова е привилигирано (лесно) убиство од член 125 од Кривичниот Законик кое се состои од одземање на живот на друго лице на миг, од гледна точка на сторителот кој не по своја вина бил доведен до силен напад, злоупотреба или тешки навреди од страна на убиениот или како последица на семејно насилство. Делото се состои од три елементи, а тоа се: дека делото е извршено во моментот, дека сторителот бил во сосотојба на силна раздразнетост во моментот на делото и дека сторителот бил доведен во состојба на раздразнетост без своја вина. Делото е извршено после провокацијата од страна на убиениот, односно после неговиот напад, неговата злоупотреба или тешкото навредување.

Сторителот ја донесува својата одлука во истиот миг, веднаш, без долгорочно размислување. Во моментот на делото, сторителот бил во состојба на силна раздразнетост. Тоа е состојба на зголемена, силна возбуда што влијае на однесувањето, што доведува до афектна состојба на висок степен на дејството со што се доаѓа до ограничување или значително намалување на способноста за управување со своите постапки. Однесувањето на сторителот во оваа состојба е свесно, но не контролирано. Дали имало состојба на раздразденост, дали била од “силен” степен и интензитет е прашање на кое одговараат наодите и мислењето на форензичкиот прихијатриски вештак. Сторителот е доведен во состојба на силна раздразденост не по негова вина, со напад, злоупотреба или сериозни

[64] Камбовски Владо, Крстаноски Миладин, Казнено право, Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола, Правен факултет-Кичево, Охрид, 2009, стр. 364
[65] Котески Марјан, Николовски Марјан, Методика на истражување на општиот криминалитет, Факултет за безбедност, Скопје, 2008, стр. 180

навреди од страна на убиениот. Овде, всушност, се работи за испровоцирано убиство каде што убиениот со својата претходна постапка, допринесе да биди лишен од живот.

Сторителот мора да биде доведен до состојба на силна раздразденост доколку тајно не ја предизвикал ситуацијата што довела до напад, раздразнетост или сериозна навреда.

Сторителот бил доведен во таква состојба со сериозно навредување, силна раздразливост со напад или малтретирање на убиениот, без разлика дали овие дејствија биле насочени лично и директно кон сторителот на делото или кон лице блиско за него (член од семејството, близок роднина). Нападот е активност која непосредно, блиско и вистинито го доведува во опасност животот или телесниот интегритет на друго лице. Злоупотребата е активност која предизвикува физичка и психолошка непријатност, болка и страдање, додека тешката навреда е повреда на честа или угледот во поголем степен, со поголема јачина или подолго време. За да постои кривичното дело, од суштинско значење е да постои причинско- последична врска помеѓу нападот, злоупотребата или сериозната навреда од страна на убиеното лице и состојбата на силната раздразнетост од страна на жртвата.

7.4 Убиство од небрежност

Сторител на ова дело е тој што друг ќе лиши од живот од небрежност (член 126 од КЗ) - ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.[66] Всушност оваа одредба ги покрива сите случаи кои се вклучени на небрежно лишување од живот на друг. Ова дело се состои од одземање на живот на друго лице од небрежност. Овој привилигиран облик на убиство се карактеризира со поблаг степен на вина (неволево превземање на делото) од страна на сторителот во моментот на превземање на делото на извршување. Кривичното дело постои кога сторителот превзел дејствие со цел да постигне некоја друга цел или резултат, при што загубата на живот се јавува како случајна, споредна последица која сторителот не ја сакал, ниту се согласил на тоа, туку ја предвидел или можел и бил должен да го предвиди неговото настанување. Се работи за убиство поради невнимание,

[66]Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година

непромисленост, погрешно проценување на ситуацијата. Умислата се дефинира како свесна врска помеѓу сторителот и неговото извршено дело, а небрежноста е спротивно од тоа, несакано, неволево извршување на делото.

Свесна небрежност е кога сторителот е свесен за можноста за сторување на делото, односно да настапи последица, ама сепак му нефостига волја за остварување на делото, поради неговото мислење и верување дека ќе успее или ќе може да ја спречи штетната последица или дека последицата нема да настани.

Несвесна небрежност е кога кај сторителот не постоела никаква свест за можноста од настанување на штетна последица, иако можел и бил должен да биде свесен за тоа. Во однос со казнувањето, законот за двата видови облици пропишува казна. Разграничувањето меѓу овие дела се прави повеќе за да се разграничи евентуалната умисла од свесната небрежност, а пак несвесната небрежност од случајната.

7.5 Убиство на дете при пораѓање

Според нашиот закон убиство на дете при пораѓање значи тоа кога мајката своето дете го лиши од живот за време на пораѓањето или по пораѓањето во состојба на растројство предвидено со пораѓањето. [67]Специфичноста на ова дело се огледува во објектот, субјектот и времето во кое е извршено делото. Тоа што е очигледно и произлегува од изречната одредба на Кривичниот законик е дека сторител може да биде само женска особа, односно мајката на детето (жената која што само се породила), а дека предмет на дејствието може да биде само живо родено дете, односно новороденче. Мајката и кога е само соучесник има кривична одговорност за ова дело. Време на извршување на делото може да биде само за време на породувањето или време веднаш по породувањето додека трае нарушувањето предизвикано со породувањето. Времето на породувањето значи во моментот кога ќе започнат породилните болки до прекинувањето на телесната врска помеѓу мајката и детето со пресекувањето на папочната врска и кога новороденчето ќе започне да дише. Ова е и најзначајната карактеристика на убиство на

[67] Кривичен законик на Република Северна Македонија, член 127

дете при пораѓање, бидејќи привилегирачкиот карактер на овој чин се заснова токму на правната претпоставка дека за време на породувањето мајката е во посебна психолошка состојба.[68] Ако делото се изврши непосредно по породувањето, време кое што во законот не е определено и за неговото траење може да се јават полемики, ќе се утврдува во секој конкретен случај одделно по мислење и наод на стручно лице, вештак од областа на медицината и психијатријата.

Медицината допушта можност за траење на определени психосоматски пречки предизвикани со породувањето и еден до пет дена по породувањето[69]. Посебната состојба на психичкото растројство на мајката, по основот за привилигиран третман, не секогаш се докажува, и затоа се зема како законска несоборлива претпоставка.

Ваквото решение на нашиот закон не е единствено прифатено во различни временски периоди и во различни држави. Во некои држави ваквото убиство се третира како обично убиство т.е како убиство на близок сродник, па дури и како квалифицирано убиство. Тоа значи дека не се зема во предвид посебната психичката состојба на мајката, туку во потполност се почитува новиот живот. Во некои други законодавства на различни начини се третираат вонбрачните и брачните деца.

7.5.1 Убиство на дете при пораѓање - во кривичниот закон на Македонија и во земјите на поранешна Југославија

Чедоморството или, според нашето кривично законодавство "Убиство на дете при пораѓање", се состои во тоа што мајката го одзема животот на своето дете за време или веднаш по породувањето, додека мајката е во состојба на растројство предизвикано со пораѓањето. Специфичноста на ова дело се огледува во објектот, субјектот на делото и времето во кое е извршено. Она што е очигледно и произлегува од изречната одредба на Кривичниот законик е дека сторител може да биде само мајка на детето, а дека предмет на дејствието може да биде само живородено дете, односно новороденче. Време на

[68] Љ. Лазаревић, Коментар Кривичног законика, Београд, 2011, Правни факултет Универзитета Унион у Београду, стр. 455.
[69] Камбовски Владимир, Кривично право, Студенски Збор, Скопје, 1982, стр.155

извршување на делото може да биде само време на породување или време веднаш по породувањето додека трае нарушувањето предизвикано од породувањето. Ова е и најзначајната карактеристика на чедоморството, бидејќи привилегирачкиот карактер на овој чин се заснова токму на правната претпоставка дека за време на породувањето мајката е во посебна психосоматска ситуација.[70]

Ова кривично дело, како облик на привилигирано убиство се пронајде како и во нашиот кривичен закон така и во кривичниот закон во земјите од поранешна Југославија. Имено, сите кривични законодавства на овие земји го третираат "убиство на дете при пораѓање" како посебен, полесен облик на убиство, му даваат привилигиран статус и обезбедуваат изрекување на помала казна во однос на другите дела на убиство.

Така, Кривичниот законик на Република Словенија (Службен весник на Република Словенија бр. 50/2012 од 26.06.2012 година) во својот чл. 119 го предвидува ова кривично дело, и вели дека мајката која ќе убие дете при породување или веднаш по породувањето, додека се уште е под дејство на породување, ќе се казни со затвор од 3 (три) години.[71] Словенскиот кривичен законик предвидува најниска казна за ова кривично дело во овие области.

Кривичниот законик на Република Хрватска (Службен весник бр. 125/11) кој стапи во сила на 1 Јануари 2013 година, во член 112 – "Убивање" третира повеќе облици на привилигирани убиства, па со својата втора позиција го вклучува и убиството на дете при пораѓање, а истакнува дека „мајката која го убива своето дете под дејство на силен ментален товар поради бременост или породување ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години".[72]

Во Кривичниот Законик на Република Северна Македонија објавен во Службен весник на Република Северна Македонија , во член 127 е предвидено "убиство на дете при пораѓање", кој предвидува дека времето на извршување на кривичното дело мора да биде за време или веднаш по породувањето, но исто така се нагласува и дека тоа мора да

[70] Љ. Лазаревић, *Коментар Кривичног законика*, Београд, 2011, Правни факултет Универзитета Унион у Београду, стр. 455.
[71] Казнени законик Републике Словеније Уредни лист РС 50/2012
[72] Казнени закон Републике Хрватске, Народне новине бр.125/11

биде ”во состојба на растројство” на мајката предизвикано од породувањето[73]. Пропишаната казна за ова кривично дело е затвор од три месеци до три години, што претставува и помала пропишана казна во однос на другите законодавства од оваа област. Македонското законодавство се карактеризира со тоа што и обидот се казнува.

Кривичниот законик на Федерацијата Босна и Херцеговина, објавен во Службен весник на ФБиХ бр. 36/03, 37/03, 21/04, 69/04, 18/05, 42/10, 42/11, 59/14 и 76/14 во својот член 169, за ова кривично дело наречено “Чедоморство” предвидува помал опсег на казна, а казната за ова кривично дело е затвор од една до пет години.[74] Како и другите закони, така и ова кривично законодавство предвидува дека делото е сторено за време или “непосредно” по породувањето, кога ова дело добива статус на привилигирано дело.

Кривичниот законик на Црна Гора, во својот член 146, го предвидува кривичното дело “Убиство на дете при пораѓање” како облик на привилигирано убиство, а за ова кривично дело, ако е сторено за време или веднаш по породувањето, додека мајката боледува од растројство предизвикано од породувањето, мајката ќе се казни со затвор од 6 (шест) месеци до 5 (пет) години.[75]

Од горе наведеното може да се заклучи дека сите овие законодавства го признаваат ова кривично дело како привилегирана форма и затоа пропишуваат помали казни во однос на другите кривични дела од оваа група на кривични дела, длабоко почитувајќи го фактот дека повредено психичко растројство на на мајката предизикана од породувањето може да доведе до убиство на дете при пораѓање , дури и во оние случаи кога мајката во ниту еден момент не сакала, ниту пак планирала такво нешто.

7.6 Наведување на самоубиство и помагање во самоубиство

[73] Кривичен законик Македоније, Службени весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 73/2006
[74] Кривични закон Федерације БИХ, Службене новине ФБИХ 36/03, 37/03, 21/04, 69/04, 18/05, 42/10, 42/11, 59/14 и 76/14
[75] Службени лист Републике Црне Горе бр.70/2003

Самоубиството се смета за една од најтешките форми на социјално отстапување. Пред се затоа што во споредба со другите облици има најтрагични последици, бидејќи со овој чин се уништува една од основните општествени вредности- човековиот живот. Нашиот кривичен законик во член 128 “ наведување на самоубиство и помагање во самоубиство” наведува дека :

„Тој што друг ќе наведе на самоубиство или ќе му помогне во извршувањето на самоубиство и тоа ќе биде извршено ќе се казни со затвор од три месеци до три години, [76] ако делото е сторено спрема малолетник што наполнил 14 години или спрема лице кое се наоѓа во состојба на битно намалена пресметливост, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години, [77] исто така ако делото е сторено спрема малолетник кој не наполнил 14 години или спрема непресметливо лице сторителот ќе се казни со казна според член 123,[78] тој што сурово или нечовечно постапува со лице кое спрема него се наоѓа во однос на некоја подреденост или зависност, па тоа поради таквото постапување ќе изврши самоубиство кое може да се пропише на небрежност на сторителот, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години”.[79] Ако поради делата од ставовите од 1 до 4 самоубиството е само обид, судот може сторителот да го казни поблаго.“[80]

Во современото казнено право не е казниво кога некој се обидува да си го одземе животот, а врз основа на фактот дека човечкиот живот е најголема вредност заштитена со устав и закон, законодавецот обезбедува гонење и казнување на оние кои поттикнуваат други на самоубиство или му помагаат во извршување на тоа. Самоубиството мора да биде извршено или да има обид за извршување. Пропишувањето на овој закон за посебно кривично дело учество во самоубиство е потребен за заштита на човечкиот живот и во оние ситуации во кои лицето донело одлука да си го одземе животот. Со оглед на дополнителната природа на поттикнувањето и помагањето како форма на учество доаѓаме до фактот дека самоубиството не е казниво, без постоење на посебното кривично дело учество во самоубиство, поттикнување на друг и помагање на друг да си го одземи животот. Постојат два начини за извршување на делото, првиот е наведување на друг да

[76] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[77] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[78] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[79] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[80] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година

изврши самоубиство, а вториот е помагање во самоубиство каде чинот на помагање е мотивиран од ниските побуди на сторителот. Содржината на кривичното дело опфаќа елементи на двата облици на учество. Наведувањето, се состои во индиректно насочување на друго лице да изврши самоубиство. Постојат различни начини на наведување, убедување, поттикнување, провоцирање дека самоубиството е единствениот излез од постоечката ситуација.

Сторителот е свесен дека со чинот наведува друго лице на самоубиство и тој тоа го сака или со тоа се согласува. При помагањето, сторителот намерно придонесува за извршување на самоубиството на друго лице. Облиците за помагање се различни, ставање на располагање орудие или оружје прикладно за сторување на самоубиство, давање на совети или насоки. Не е доволно секое помагање туку се бара помош и од ниски побуди. Поттикот да се донесе одколку да се помогне и да се преземе дејството на помагање произлегува од подлоста, подмуклоста или нечесноста на сторителот. Намерата мора да ја вклучува свеста на сторителот дека друго лице се поттикнува да изврши самоубиство или дека му се помага во тоа. Намерата може да биде директна или индиректна, а исклучена е небрежноста. Оној кој помага во самоубиството не ја носи конечната одлука дали ќе се изврши самоубиството, туку тоа е автономната одлука на лицето кое извршува самоубиство, која на крајот произлегува од самиот поим на самоубиството.

7.7 Противправно прекинување на бременост

Прекинување на бременоста е секое исфрлање или одвојување на човечкиот плод од утробата на жената пред почетокот на природното размножување или, со други зборови, прекинување на бременоста е секоја интервенција во телото на жената што доведува до неприродно прекинување на бременоста. Прекинувањето на бременоста не е исто што и абортусот.[81] Спонтан абортус или абортус во потесна смисла е исфрлање или одвојување на оплодената јајце клетка до 28 недела од бременоста. За да биде кривично дело од член 129 од Кривичниот законик, прекинот на бременоста мора да биде

[81] Horvatić, Ž., Šeparović, Z., *op. cit*., (bilj. 80.), str. 77.

незаконски, односно да се изврши спротивно на прописите за прекинување на бременоста. Законодавецот, како и во случајот со некои други кривични дела, сакаше да нагласи дека не е незаконско секое прекинување на бременоста, туку само она што се врши спротивно на прописите за прекинување на бременоста. Во тој дел нашиот законодавец прифаќа т.н. термин систем кој го дефинира времето во кое е дозволено прекинување на бременоста. По исклучок, и по истекот на десет недели од зачнувањето, прекинување на бременоста може да се изврши само доколку се исполнети одредени законски пропишани услови, односно доколку постојат одредени индикации за тоа. Одредбата од чл.129 содржи повеќе облици: противправно прекинување на бременоста во согласност со бремената жена (ст.1); занимање со вршење на пометнување (ст.2); прекинување на бременост без согласност на бремената жена (ст.3); потешки облици (ст.4).

Основна форма е кога спротивно на прописите за прекинување на бременоста, бремената жена со нејзина дозвола изврши , започне или помага во прекинување на бременоста. Објект во кривичното дело е плодот во утробата на мајката, од зачнувањето до моментот на раѓање.

7.8 Телесна повреда

Од најраните времиња, па сè до денес, во сите кривични закони се обезбедува засилена казненоправна заштита на најважните општествени добра или вредности. Меѓу тие вредности, според нивната важност и природа, се издвојуваат животот и телесниот интегритет, односно правото на неповредливост на овие добра што му припаѓаат на човекот. Секоја противправна повреда или закана за телесниот (физички) интегритет на друго лице што може да се преземе на различни начини, со различни средства или со различни активности е кривично дело телесна повреда за кое се пропишани затворски казни. Во кривичниот законик во зависност од обемот и интензитетот на повредата се издвојуваат повеќе видови физички повреди. Така се разликуваат тешките и полесните телесни повреди. Кривичните дела против животот и телото се стари, архаични злосторства, присутни од најраните времиња во пишаната правна историја. Исто така,

овие кривични дела се пропишани на прво место, во сите современи кривични закони.[82] Ова е разбирливо бидејќи се занимава со криминални дејствија кои го повредуваат или загрозуваат животот, односно физичкиот интегритет на една личност, односно неговата физичка конституција, физичко или ментално здравје, па затоа општеството е особено заинтересирано за зачувување на овие лични и општествени вредности.[83]

Телесните повреди се едни од најчестите кривични дела. Телесните повреди се состојат во нарушување на физичкиот интегритет или здравјето на човекот. Тие можат да се манифестираат како тешки (чл. 131 КЗ, РСМ) и телесни повреди (чл. 130 КЗ, РСМ), во зависност од тежината на оштетениот телесен интегритет или здравје. Телесните повреди се состојат од противправна повреда на телото на друго лице или оштетување на неговото здравје.

Основната поделба на физичките повреди во нашето кривично законодавство е направена во однос на тежината на последиците по телесниот интегритет, односно со оглед на фактот дали во конкретен случај имало лесна или тешка физичка повреда на лице, лесно или тешко оштетување на неговото здравје.

Според Камбовски, телесна повреда не е само надворешна повреда на телото туку и физичка и душевна болка, повредата на животните фукнкции во физиолошко-психолошка смисла и намалување на здравствените капацитети, односно оштетување на здравјето, со целокупен одраз врз личноста.[84]

Според нашиот кривичен законик во член 130 е опишана телесната повреда. Во првиот став ни кажува дека ако некое лице телесно повреди друго лице или му го наруши здравјето ќе се казни или со парична казна или со затвор до три години, во вториот став се зборува за тоа дека ако ова дело некој го стори при вршење на семејно насилство, ќе се казни со казна затвор од шест месеци до три години, тоа е квалифициран облик , во третиот став ни укажува дека судот на сторителот на делото од став еден може да му изрече судска опомена во ситуација ако тој бил предизвикуваан со навредливо и грубо

[82] Ј. Бутуровић, Карактеристике кривичних дела против живота и тела у кривичним законима република и покрајина, Правни живот, Београд, број 8-9/1979. године, стр.1-22
[83] Б. Краус, Кривична дела против живота и тела, Приручник, Згреб, број 4/1958. године, стр. 322-336
[22] Службени гласник Републике Србије број 85/2005, 88/2005, 107/2005, 72/2009, 111/2009, 121/2012, 104/2013 и 108/2014.
[84] Ibid

однесување на оштетениот, ова се смета за привилигиран облик и четвртиот став ни кажува дека гонењето за делото од првиот став се превзема по приватна тужба, а гонењето за вториот став се превзема по предлог.[85]

7.9 Тешки телесни повреди

Од најраните времиња, па сè до денес, во сите кривични закони се обезбедува засилена казненоправна заштита на најважните општествени добра или вредности. Меѓу тие вредности, според нивната важност и природа, се издвојуваат животот и телесниот интегритет, односно правото на неповредливост на овие добра што му припаѓаат на човекот. Секоја незаконска повреда или закана за телесниот (физички) интегритет, односно (ментално) здравје на друго лице што може да се преземе на различни начини, со различни средства, односно различни делатности е кривично дело телесна повреда за кое се изречени и пропишани затворски казни. Зависно од обемот и интензитетот на повредата се издвојуваат повеќе видови физички повреди. Основната поделба на овие кривични дела е:

- тешки телесни повреди и
- лесни телесни повреди.

Домашното казнено законодавство, во посебен дел, во глава четиринаесет , на прво место предвидува: „Кривични дела против животот и телото“, со што укажува дека животот и телесниот интегритет се двете најважни човечки и општествени добра кои уживаат примарна заштита. Тоа е и логично бидејќи без ефикасна, навремена и квалитетна заштита на овие општествени добра, ниту едно друго добро или вредност не може да биде предмет на кривична заштита.

Во нашето законодавство, ова кривично дело со кое се повредува телесниот (физичкиот) интегритет на едно лице се нарекува: „Тешка телесна повреда“.[86] Ова дело е предвидено во одредбите на член 131. Делото се состои во повреда на физичкиот

[85] Кривичен законик на Република Северна Македонија,Службен весник, 1996 година
[86] С.Никшић, Повреда права на душевни интегритет, Загреб, 2006. године, стр. 205-236

интегритет или физичкото или психичкото здравје на друго лице, што се изразува во уништување или оштетување на дел од телото или органот, при предизвикување трајна или привремена неспособност за работа, при трајно или тешко нарушување на здравјето или предизвикување промени на видливи делови од телото кои го нарушуваат естетскиот изглед на лицето. Ова дело може да се изврши само против друго лице. Тоа значи дека самоповредувањето не е кривично дело (освен ако во конкретниот случај се работи за постигнување противправна цел или повреда на општи општествени интереси, па самоповредувањето се казнува со некое друго кривично дело кое е предвидено во посебен дел од кривичните закони).

7.10 Учество во тепачка

7.10.1 Поим на делото

Учество во тепачка претставува кривично дело во кое се загрозува животот и телото на друго лице, ова кривично дело е предвидено во член 132 од КЗ. Имено, се работи за дело кое содржи опасност некој од учесниците во тепачката или некое друго лице да биде телесно повредено или лишено од живот. Ова дело се состои од учество во тепачка во која некое лице е убиено или некое лице е тешко повредено.

Основата на оваа инкриминација се наоѓа во криминално-политичката оправданост според која секоја тепачка, како и физичката пресметка во која учествуваат повеќе лица, истовремено значи и загрозување на животот и телото, а уште повеќе кога се работи за таква тепачка во која едно лице е лишено од живот или на друго лице му се нанело тешка телесна повреда при што често не се знае кој е непосреден сторител за таквата тешка последица. За ова дело е предвидена казна затвор од три месеци до три години.

7.10.2 Дејство и последици од делото

Дејството на извршување на ова кривично дело се состиои од самото учествување во тепачката. Тепачка е физички напад помеѓу две или повеќе лица која се состои од меѓусебно удирање со раце, нозе или други делови од телото (рамено, колено, лакто) како и со употреба на разни предмети, оружје и орудие. Учесниците во тепачката меѓусебно се напаѓаат или едни напаѓаат други , а другите се бранат и возвраќаат. Во секој случај, тепачка постои во оној момент кога ќе дојде до загрозување на животот и телото на друго лице, бидејќи постои опасност дека некој друг од учесниците во тепачката или некој друг ќе биде телесно повреден или пак лишен од живот. Притоа, за постоење на самото дело е ирелативно дали учесникот во тепачката навистина директно превзел дејство насочено против животот и телото на друго лице. Самото кривично дело се врши со извршување, значи, активно дејство (со телесни движења со екстремитетите или со други делови од телото:колено, рамо, глава и сл.).

Последица на кривичното дело учество во тепачка е конкретна, непосредна, блиска, реална опасност од повреда на животот и телесниот интегритет на друго лице. Тоа значи дека како резултат на преземените дејствија за извршување, постои блиска и непосредна опасност од повреда или загрозување на животот или физичкиот интегритет на друго лице. А постоењето на ваква опасност најдобро се докажува токму со појава на тешки последици по животот или физичкиот интегритет на друго лице, што е објективен услов за инкриминација.

На оваа гледна точка се заснова и судската пракса, според која кривичното дело учество во тепачка постои само кога сторителот учествувал во тепачка во која е направен обид за убиство на лице.

Со овој чин често не се знае чие дејство предизвикало смрт или тешка телесна повреда. Тоа укажува дека е неопходно во тепачка да учествуваат најмалку три лица. Исклучок од ова правило постои во ситуација кога во тепачка меѓу две лица, трето лице (случаен минувач) е убиено или тешко повредено, а со расположливите докази не може да се утврди кој од двајцата учесници во тепачка предизвика таква последица.

7.11 Загрозување со опасно орудие при течачка или каранице

Кривичниот законик на Република Северна Македонија во глава четиринаесет од кривичниот законик, член 133 „Загрозување со опасно орудие при тепачка и караница“, го пропишува ова кривично дело. Кривичното дело постои кога при тепачка или караница некое лице замавнува со оружје, опасно орудие или друго средство кое е погодно за тешко да се повреди туѓо тело или тешко да му се наруши здравјето. Иако на прв поглед се чини дека содржината на ова кривично дело е прилично едноставна, сепак се работи за многу специфични карактеристики поради кои ова кривично дело може да се појави како самостојна инкриминација, но и како претходна фаза во извршувањето на друго кривично дело со елементи на насилство.[87] И кај ова кривично дело како објект на заштита се јавува телесната (физичката) и психичката (душевната) конституција (интегритет) на друго лице.

Најчесто се работи за лице кое е само директен учесник, учесник во тепачка или караницата, но тоа исто така може да биде и минувач, набљудувач итн. Во однос на вината, ова дело може да се изврши само со умисла, што вклучува свесност за сопственоста на опасниот предмет (средство) како предмет за напад, и за времето и условите - за време на тепачка и караницата - за преземање на чин на извршување. За ова кривично дело е пропишана парична казна или затвор до шест месеци.

Кривичното дело загрозување со опасно орудие при тепачка или караница може да се изврши со употреба на: оружје, опасно орудие и друго средство кое е погодно за тешко повредување на телото на друго лице или тешко повредување или нарушување на здравјето на тоа лице. Затоа, мора да се работи за „опасни средства“ чија употреба може да предизвика смрт или тешка телесна повреда на друго лице - учесник во тепачка или расправија или трето лице.

7.12 Излагање на опасност

[87] Лазаревић, 2005 година, стр. 396

Ова кривично дело е предвидено во четиринаесеттата глава во нашиот КЗ, во член 134. Исто така ова дело како и секое друго претходно дело се смета за кривично дело кое има некакви последици.

Значењето на ова кривично дело е ако некое лице го остави другото лице без помош, додека тоа лице е во состојба опасна за неговиот живот, а опасноста ја предизвикало истото лице кое не укажува помоп. Ова дело е во нашиот закон се смета за казниво дело со затвор од три месеци до три години.

Ако пак, лицето кое било изложено на опасност поради таа опасност го загуби својот живот или има тешки телесни повреди или пак му се наруши тешко здравјето, сторителот на делото ќе се казни со затвор од една до пет години.

7.13 Напуштање немоќно лице

Кривичното дело напуштање на немоќно лице спаѓа во член 135 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија.

Значењето на ова кривично дело е ако некое немоќно лице на некому му е доверено или е должен да се грижи за тоа лице, а во спротивно од тоа тој го остави немоќното лице без помош во ситуации кои се опасни за неговиот живот или за неговото здравје. Ова дело во нашиот законик се казнува со казна затвор од три месеци до три години. Ако немоќното лице поради тоа го загуби својот живот или има тешки телесни повреди или неговото здравје е тешко нарушено, сторителот на делото се казнува со казна затвор од една до пет години.

Немоќно лице е особа која е оставена без помош. Немоќно лице значи лице кое останало без помош т.е. лице кое не е во состојба со свои сили или со помош на трети лица да ја избегне опасноста по животот или здравјето. За постоење на ова дело треба: напуштеното лице мора да било онеспособено пред сторителот да го напушти, опасноста мора да биде конкретна и да се однесува на животот и здравјето, постоењето на ова кривично дело не бара просторно одвојување од немоќното лице.

7.14 Неукажување помош

Човечки и совесно е да помогнеме ако некому треба било каква помош. Неукажување помош е казнено дело во нашето законодавство според член 136 од кривичниот законик. Ако некое лице не му укаже помош на друго лице кое се наоѓа во состојба на опасност за живот, а сепак можело да го направи тоа без никаква опасност за себе или за некој друг, ќе се казни со казна затвор до една година или со парична казна. Според мене нечовечки е да не помогнеш некому на кому му си потребен, да можеш да му го спасиш животот , а сепак да немаш опасност за тебе ако го сториш тоа.

8 Компаративни искуства за кривичните дела против животот и телото (убиство и тешка телесна повреда)

8.1 Компаративно казнено право

Целта на предметот е пренесување на научни сознанија и теоретски сознанија од областа на кривичното право преку компаративен правен пристап и проучување на основните казненоправни институти во два големи правни системи: европско-континентален и англосаксонски. Целта е разбирање и примена на различни компаративни правни теоретски и практични концепти на основните институти на казненото право и системот на казнени санкции, бидејќи се повеќе решенија од еден систем се пропишуваат и применуваат во националното кривично законодавство на друг систем, и во меѓународното казнено право.

8.2 Компаративни искуства за кривичното дело “Убиство”

Кривичните дела на убиството како стари, природни, архаични, класични кривични дела против животот и телото (крвни деликти) се присутни уште од периодот на најстарите пишани правни споменици. Сепак, овие дела и денес се составен дел на сите современи казненоправни системи. На тоа укажува и фактот што сите држави користат расположливи средства, мерки и процедури за да се спротистават на различни форми и видови на повреда на животот на друго лице или други лица.

За да имаме посеопфатен и поцелосен преглед на проблемот со кривичното дело убиство, кај нас не е доволно да се посветиме само на теоретска и практична анализа на облиците на манифестацијата, карактеристиките и симптомите на овие кривичн дела во основни, квалификувани или привилигирани форми во согласност со одредбите на нашето позитивно законодавство, туку потребно е да вниманието да го посветиме на компаративната анализа на овие кривични дела во современиот кривично правен систем. Затоа, во оваа глава ќе зборуваме за достапниот преглед на конкретните законски решенија кои ни стојат на располање за кривичното дело убиство, со тоа што ова дело се јавува со различни имиња, различна содржина и различни пропишани казни во другите законодавства. Ќе ги обработиме оние законодавства кои содржат карактеристични решенија или законодавства на државите во нашата средина кои силно влијаат и на нашето законодавство.

Во оваа смисла ќе ги анализираме законодавствата на следните држави:

- Германија
- Руска Федерација
- Италија

8.2.1 Руска Федерација

Во Кривичниот законик на Руската федерација [88]од 13.06.1996 година (кој стапи на сила на 1 Јануари 1997 година, кој го замени претходното советско кривично

[88] Россијскаја газета број: 63/1996. Više: Т. Дегтјарева, А. Дружинец, Уголовниј кодекс Россијској федерации, текст с измененијами и дополнненијами на 1. сентјабрја 2014. года, Москва, 2014. godine, str. 78-81

законодавство од шеесеттите години на минатиот век), во посебен дел, во седмиот дел со наслов: “Кривични дела против личноста” во шеснаесеттата глава под наслов: “Кривични дела против животот и здравјето ” се прецизно систематизирани кривичните дела кои како објект на заштита се животот и здравјето (физичка и психолошка конституција) на друго лице или право на живот и неповредливост на туѓото здравје како предмет на заштита. [89]Дејство на извршување на кривичното дело убиство може да се преземе само против друго лице, но не и против себе, самоубиството и самоповредувањето не се криминализирани.

Самоповредувањето може да биде правно релевантно само во случаи изречно предвидени со закон (член 110 од КЗ- кривично дело наведување на самоубиство за кое е предвидена казаната ограничување на слободата до три години или казна затвор до пет години).

Сторител на овие кривични дела може да биде секое лице, а во смисла на вина, овие дела можат да се извршат со умисла или од небрежност.

Кривичниот закон на Руската Федерација во подглавје шеснаесет под наслов “Кривични дела против животот и здравјето” разликува шест форми на кривичното дело убиство. Тие се:[90] убиство (обично убиство) – член 105 став 1 од КЗ, тешко (квалификувано) убиство- член 105 став 2 и лесни (привилигирани) убиства, кои се прецизирани во повеќе законски одредби. Тука спаѓаат: убиство на новороденче од мајката – член 106 од КЗ, убиство во состојба на афект- член 107 од КЗ, убиство при пречекорување на границите на потребната одбрана или пречекорување на мерките неопходни за приведување на лице кое сторило кривично дело- член 108 од КЗ и предизвикување смрт од небрежност- член 109 од КЗ. Обично убиство или како што Законот го нарекува “убиство” е предвидено во одредбите од член 105 став 1 од КЗ. Ова дело е дефинирано на наједноставен начин, т.н. последователна диспозиција. Тоа е умислено предизвикување на смрт на друго лице.[91]

---

[89] И. Федосова, Т. Скуратова, Уголовниј кодекс Россијској федерации, Москва, 2005. godine, str. 76-78.
[90] Т. Дегтјарева, А. Дружинец, Уголовниј кодекс Россијској федерации, op. cit., str. 46-47.
[91] Т. В. Кондрашова, Проблеми уголовној ответственности за преступленија против жизни, здорови, половој свободи и половој неприкосновенности, Екатеринбург, 2000. godine, str. 8-11.

